# СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

**Издавач:**
Фондација Отворено општество-Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин

**Автор:**
Огнен Спасовски

**Лектор:**
Елка Јачева - Улчар

**Дизајн и техничка обработка:**
Бригада дизајн

**Печати:**
Пропоинт

**Тираж:**
100 примероци

Бесплатен / некомерицјален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

**373.3/.5(=214.58:497.7)(047.31)**

СПАСОВСКИ, Огнен
**Сегрегација на Ромите во образованието во Република Македонија?!?**
: извештај од испитување на јавно мислење кај Ромите / [автор Огнен Спасовски]. - Скопје : Фондација отворено општество - Македонија, 2015. - 42 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

**ISBN 978-608-218-222-3**

а) Роми во Македонија - Образование - Истражување
COBISS.MK-ID 98940682

# СОДРЖИНА

Извршно резиме ..... 5

Вовед ..... 10

Дефинирање на сегрегацијата и видови сегрегација ..... 11

Форми на сегрегација во образовен контекст ..... 13

Правото на образование и третманот на сегрегацијата во меѓународните конвенции и домашното законодовство и стратешки документи ..... 16

Надлежни институции за обезбедување еднаквост и недискриминација ..... 19

Сегрегација на Ромите во образованието нотирана во релевантни документи ..... 24

Фактори кои придонесуваат за сегрегација на Ромите во образованието ..... 30

Случаи на пресуди и решенија поврзани со сегрегација и дискриминација ..... 33

Наоди од емпириското истражување ..... 34

Заклучоци ..... 40

Препораки ..... 41

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Целта на овој документ е да ја анализира актуелната состојба во поглед на постоењето, свесноста за сегрегацијата и начинот како се разбира и како се третира сегрегацијата на Ромите во образованието во Република Македонија. Тргнувајќи од оваа општа цел, специфичните цели на оваа анализа се:

- да даде преглед на појавата сегрегација, нејзиното дефинирање и видовите сегрегација познати во теоријата и во практиката;
- да даде преглед на третманот на сегрегацијата во меѓународни и во домашни документи, како и преглед на надлежните институции и на нивните мандати за обезбедување еднаквост и недискриминација во образованието во РМ;
- да го истражи присуството на сегрегацијата на Ромите во образованието во РМ во релевантните меѓународни и домашни документи, како и начинот како се третира таа;
- да ги анализира можните фактори и причини за поттикнување и за поддржување на сегрегацијата на Ромите во образованието;
- да испита и да добие основни индиции за свесноста, за перцепцијата и за ставовите за сегрегацијата кај ограничен примерок Роми и нероми;
- да генерира заклучоци и препораки за подобрување на состојбата.

Добиените сознанија се базираат врз податоци од кабинетско и од емпириско истражување. Кабинетското истражување вклучи преглед на домашната законска регулатива и достапни домашни и меѓународни документи и студии кои го третираат проблемот на сегрегацијата. Емпириското истражување беше квалитативно, при што беа реализирани фокус-групи со претставници на релевантни невладини организации, како и фокус-групи со ученици, со студенти и со родители Роми и нероми.

На почетокот од документот се опишани видовите сегрегација, со посебен фокус врз сегрегацијата на учениците во образовен контекст. Потоа е даден преглед на релевантни документи и легислатива кои го овозможуваат правото на образование. Притоа, направен е и преглед како е третирана сегрегацијата во легислативата. На ова се надоврзува прегледот на институциите надлежни за обезбедување еднаквост и недискриминација. Во продолжение е даден прегледот на анализираните релевантни документи во кои е нотирана сегрегацијата на Ромите во образованието, по што следува дел во кој се опишани состојбите и процесите што придонесуваат за сегрегацијата на Ромите во образованието. Во продолжение на документот, во посебно поглавје се презентирани наодите од емпириското истражување. На крајот од документот се дадени заклучоци и препораки.

Сегрегацијата е предмет на анализа во овој документ затоа што претставува исклучително негативна општествена појава со далекосежни штетни последици. Сегрегација во општествен контекст претставува појава на одвојување на различни групи една од друга, како резултат од физичко

одвојување, од социјални форми на притисок или одвојување, или како резултат од закони. Оттука, сегрегацијата може да стане систематска, без оглед дали произлегува од дејството на законите или од неформални облици на социјални притисоци и практики на одвојување. Во повеќе домашни и меѓународни документи се посочува дека сегрегацијата е присутна и во Република Македонија, а, пред сè, онаа сегрегација на Ромите во образованието, но и во другите општествени сфери.

Тргнувајќи од теоријата и евидентираните случаи во практиката, можеме да зборуваме за повеќе *видови сеīреīација*.

Пред сè, треба да се укаже дека подвојувањето на заедниците или делови од заедниците може да биде извршено со силата на законите, што претставува сегрегација *де јуре*. Но, под влијание на различи процеси во општеството, сегрегацијата може да се јави и да постои во реалноста, а да не е резултат од пропишани закони или правила, што претставува сегрегација *де факто.*

Најкарактеристични облици на сегрегација, според обележјата на заедниците се подвојувањето по *расна*, *етничка*, *верска* и по *јазична* основа.

*Географска и резиденцијална сеīреīација* претставуваат форми на подвојување на групите на одделни географски простори, односно според местото на живеење.

*Половаīа сеīреīација* претставува посебен облик на подвоеност како резултат од физичка или културолошка подвоеност на луѓето на полова основа, или подвоеност на полова основа која произлегува од законски одредби. Овој облик на сегрегација во извесна мера се совпаѓа со *родоваīа сеīреīација.* Тие се поврзани со специфична форма на *īрофесионална сеīреīација*, или сегрегација на жените по вертикална и по хоризонтална линија во професионален контекст.

*Сеīреīацијаīа во образованиеīо* може да биде резултат од *резиденцијалнаīа сеīреīација* или да се јави како резултат од *менаџерски одлуки* или одлуки на носителите на политиките по сите нивоа во образовната хиерархија.

Посебен вид сегрегација во образованието е сегрегацијата во специјалните училишта и специјалните одделенија во рамките на редовните училишта.

Покрај овие видови сегрегација кои се во извесна мера манифестни, во општествените односи се јавуваат и следниве форми на сегрегација:

- *скриена сеīреīација* – кога таа не е истакната во официјални бројки или облици на однесување,
- *самосеīреīација* – кога единките од одредена етничка група дури се склони да се ограничуваат во рамките на својот етнос, заедница или населба од причини што во тие рамки, тие се чувствуваат безбедно и комфорно од психолошки аспект,
- *ресеīреīација* – кога во одредени локалитети, општини или реони, во кои минатите децении сегрегацијата била успешно намалувана, се појавува процес на повторена сегрегација, и
- *сеīреīација манифесīирана во креирањеīо на īолиīикиīе* – специфично манифестирана преку подготвување документи кои се однесуваат исклучиво на Ромите, но се несинхронизирани со другите развојни документи и стратегии на државата.

Имајќи ги предвид опишаните видови сегрегација, треба да се нагласи дека во одредени ситуации, некои подгрупи или заедници може да бидат изложени на повеќекратна сегрегација.

Од описот на видовите сегрегација, може да се заклучи дека таа често води кон тоа, жртвите на сегрегацијата да не можат да остваруваат некои од основните човекови права.

Во меѓународното право, како и во законодавството на земјите членки на ЕУ, сегрегацијата се смета за остра форма на дискриминација. Но, во домашните документи и легислативата, сегрегацијата како поим и термин ретко се среќава. За разлика од меѓународното право и законо-

нодавството на земјите членки на ЕУ, сегрегацијата не се третира како дискриминација во законодавството на Република Македонија, и, воопшто, не се спомнува во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ваквиот третман претставува сериозна пречка за креирање и имплементација на ефикасни мерки за нејзино спречување и за превенција.

Според домашната легислатива, постојат повеќе институции кои имаат одредени надлежности за обезбедување еднаквост и недискриминација. Тие спаѓаат во три групи: независни државни институции, законодавни институции и институции на извршната власт.

Во независните државни институции спаѓаат: Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител на Република Македонија и Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Во законодавните институции кои имаат надлежности во сферата на обезбедување еднаквост и недискриминација спаѓаат: Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и на правата на граѓаните, Комитетот за односи меѓу заедниците и Комисијата за еднаквост меѓу жените и мажите.

Во рамките на извршната власт, тоа се следниве институции: Секторот за еднакви можности, Управата за афирмирање и за унапредување на културата на припадниците на заедниците, како и Управата за развој и за унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

И покрај тоа што бројот на институции кои имаат надлежности во обезбедување еднаквост и недискриминација е значителен, од ефектите од нивната работа не може да се каже дека придонесле за намалувањето на јазот меѓу Ромите и неромите.

Со улогата што ја имаат поради надлежностите или поради спроведените активности, во оваа сфера се истакнуваат Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител на Република Македонија.

## *Комисија за заштита од дискриминација*

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, е формирана *Комисијата за заштита од дискриминација*. Но, во своите годишни извештаи, таа не известува дека постапувала по случаи на сегрегација или дискриминација како последица од сегрегацијата. Комисијата не иницирала испитување на случаи на сегрегација, ниту добила претставки за сегрегација. Ако се има предвид дека повеќе домашни и меѓународни документи и извештаи опишуваат случаи на сегрегација во Р Македонија, нејасно е како сегрегацијата не е идентификувана и во работата на Комисијата.

Воедно, независноста и непристрасноста на Комисијата за заштита од дискриминација е дискутабилна со оглед на фактот што тројца од нејзините седум членови се вработени во државните институции.

## *Народен правобранител на Република Македонија*

Во сите свои извештаи од 2010 година наваму, Народниот правобранител постојано укажува на сегрегацијата во образованието врз јазична и врз етничка основа. Посебно е нагласена сегрегацијата на ромските ученици во подвоени училишта, паралелки, како и во рамките на одделението. Притоа се потенцира и несразмерната застапеност и сегрегација на Ромите во специјалните училишта.

Прашањето на сегрегацијата на Ромите било предмет и на судски процеси во повеќе европски земји. Судот на правдата на ЕУ во Стразбур има донесено одлуки по случаи на дискриминација и сегрегација на Ромите во специјалните училишта во европските земји. Судот има нотирано дека *де факто* расната сегрегација и дискриминација се одразуваат на начин што се создаваат два посебно организирани образовни системи за припадниците на различни расни групи, имено, специјални училишта за Ромите, и „редовни" основни училишта за мнозинството на населението. Таквата практика, која не е заснована врз објективни критериуми е понижувачка и консеквентно ги лишува Ромите од правото на квалитетно образование.

Водејќи се од директивите на ЕУ, како и од пресудите на Судот на правдата, такви случаи се водат и во судовите на земјите членки на ЕУ.

Од нашето непосредно опкружување, во 2005 година Окружниот суд на Софија, Бугарија, донесол пресуда дека Министерството за образование на Бугарија, локалната самоуправа на Софија и едно училиште во Софија ја прекршиле забраната за расна сегрегација и нееднаков третман според бугарската легислатива и меѓународното право и пресудил дека посочените бугарски авторитети се виновни за расна сегрегација на Роми во училиштето. Станува збор за типично гетоизирано училиште, во кое 100% од учениците се Роми. Судот одлучил дека учениците во ова училиште биле континуирано подложувани на сегрегација и на нееднаков третман, при што нивното право на еднакво и интегрирано образование било прекршено.

Во Р Македонија сегрегацијата не се третира како дискриминација. Комисијата за заштита од дискриминација во својата работа од формирањето до крајот на 2014 година само по една претставка има донесено решение дека постои основана дискриминација, во случај на дискриминирачка содржина во учебник по македонски јазик.

Анализите на причините за сегрегација на Ромите во образованието водат кон идентификување на состојбите и на процесите кои придонесуваат за нејзино јавување и одржување.

Како сериозна причина која придонесува и ја овозможува сегрегацијата, се укажува на непринципиелното спроведување на нормата за реонизација при упис на училиште. На оваа појава се укажува и во извештаите на Народниот правобранител, каде што се алармира дека сегрегацијата води во опасност Основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола да исчезне.

Една од причините кои водат кон продлабочување на сегрегацијата е и достапноста на образованието. Тоа е последица од несоодветните образовни политики во поглед на обезбедувањето еднакви права на пристап и квалитетно образование.

На овие појави се надоврзуваат доминантните, претежно, беневолентни ставови на мнозинството во поглед на сегрегацијата на Ромите. Наодите од фокус-групите упатуваат на тоа дека кај мнозинската популација постои тенденција на пасивно поддржување на сегрегацијата, тргнувајќи од една „заштитничка“ позиција, а со образложение дека во одвоените училишта Ромчињата ќе бидат позаштитени од предрасудите и од дискриминирачкиот однос на другите заедници кон нив.

Емпириското истражување даде повеќе важни наоди за свесноста, перцепцијата и за ставовите кон сегрегацијата.

Свесноста за сегрегацијата и нејзините последици кај испитаниците Роми е на ниско ниво. Заради поголема безбедност и заштита на учениците од предрасуди и од насилство, широко е застапено мислењето дека за нив е подобро да учат во одвоени училишта, поради што и отворањето на средното училиште во Шуто Оризари се доживува како позитивно.

Кај неромите преовладува мислење дека Ромите имаат „традиционален начин на живеење“ кој не е значајно поврзан со образовни постигања. Тие немаат високи очекувања од учениците Роми. Се смета дека Ромите, често, се жртви на предрасуди, на дискриминација и на насилство во училиштата, поради што заземаат „заштитнички“ став според кој, за Ромите е подобро да учат во одвоени училишта или одделенија, каде што би биле заштитени од предрасудите и од нападите.

Резултатите од емпириското истражување се на линија на наодите во неколку студии кои укажуваат дека една од посредните причини за сегрегацијата лежи во стереотипните ниски очекувања од ромските ученици[1]. Имено, наодите покажуваат дека кај пошироката јавност постојат изразени ставови во поглед на ромската популација, според кои, капацитетите на учениците Роми за академски постигања се ограничени. Ваквите ставови потоа лесно се генерализираат и на потенцијалната улога на Ромите во општеството.

[1] Овие наоди се нотирани во документите:
ФООМ, (2013). Образованието на учениците со ниски постигања во учењето, Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија.
ФООМ, (2011), Анализа на образованието на Ромите во Република Македонија...

Во наодите од емпириското истражување се присутни мислења дека состојбите во поглед на општествената и на образовната инклузија и интеграција на Ромите се многу подобри од порано. Тие заклучоци се изведуваат врз основа на споредба со состојбите пред многу години, и во споредба со негативните примери во извештаите на меѓународните организации од некои други земји. Притоа, се прави методолошка грешка и се занемарува фактот дека стандардите за споредба се комплексни. Имено, стандард за споредба треба да биде намалувањето на јазот меѓу Ромите и неромите. Во поглед на овој стандард, може да се каже дека овој јаз не е значително намален, а напротив, можеби, е продлабочен во услови кога има сериозно раслојување во државата.

Врз основа на направената анализа, може да се дефинираат неколку основни заклучоци и препораки.

Прво, треба да се соочиме со фактот дека повеќе домашни и меѓународни документи нотираат дека во Република Македонија постои изразена сегрегација на Ромите, како во образованието така и во другите општествени сфери. Признавањето дека сегрегацијата во образованието е проблем кој постои, е првиот неопходен чекор за да се бараат ефикасни решенија за него. Се забележува дека сегрегацијата во образованието е најтесно поврзана со сиромаштија или со погрешно водени образовни политики.

Покрај несоодветните легислативи, образовни политики и практики, сегрегацијата во државата ја заоструваат и загрижувачки процеси на самосегрегација, ресегрегација и скриена сегрегација на Ромите.

Стратешките документи фокусирани на Ромите не се суштински хармонизирани со други стратешките документи на државата што резултира со инхибирање или со анулирање на потенцијалните ефекти на позитивни мерки за намалување на нееднаквоста на Ромите во образованието.

Сегрегацијата на Ромите во образованието е комплексен проблем. Ефикасно соочување со сегрегацијата не е прашање на поединечна мерка, или надлежност на само една институција, туку бара темелни и хармонизирани мерки.

Во согласност со меѓународното право и директивите на ЕУ, неопходни се измени во легислативата кои ќе ја таргетираат сегрегацијата и ќе пропишуваат (про)активни мерки и обврски за нејзино спречување, кои директно ќе назначат обврски на авторитетите на централно и на локално ниво, како и на ниво на училиштето.

Со активни политики треба да се постигне нужното ниво на безбедност на ромските деца во училиштата и заштита од дискриминација и агресија.

Понатаму е потребна широка и долготрајна општествена акција, хармонизирини и холистички политики кои ефикасно ќе бидат насочени кон десегрегација во образованието. Нужно е да се финансираат повеќе мерки кои ќе бидат насочени кон обезбедување еднакви можности, пристап и услови за образование за сите Роми, мерки за кревање на свесноста за важноста на образованието, за штетните последици од сегрегацијата. Потребни се и темелни истражувања за состојбите во врска со сегрегацијата на Ромите во образованието, за причините и за последиците од сегрегацијата.

# ВОВЕД

Сегрегацијата во општествен контекст претставува негативна појава која има далекосежни штетни последици, како на индивидуален план така и за целото општество. Поимот сегрегација најопшто означува одвојување на делови едни од други, или одвојување на делови од општата маса[2]. Сегрегација во општествен контекст се сфаќа како појава при која различни групи се одвоени една од друга, како резултат од физичко одвојување, од социјални форми на притисок или одвојување или како резултат од закони[3]. Оттука, сегрегацијата може да стане систематска, без оглед дали произлегува од дејството на закони или од неформални облици на социјални притисоци и практики на одвојување. На членовите на сегрегираните заедници им се скратуваат основните човекови права до еднаков пристап до ресурсите. Тоа ги скратува и нивните можности за развој, но едновремено го забавува и развојот на општеството.

Сегрегацијата во различни форми и во различни сфери е присутна и денес во многу земји. Во повеќе домашни и меѓународни документи (елаборирани подолу во текстот) се посочува дека сегрегацијата е присутна и во Република Македонија, иако однесувањето на институциите и на јавноста и мерките кои се преземаат не покажуваат дека свесноста за нејзиното постоење е на потребното нужно ниво.

Свесноста за сегрегацијата е на ниско ниво делумно и поради тоа што вообичаено за неа се смета дека е појава која му припаѓа на минатото, на времето на расната сегрегација во САД или во Јужна Африка до пред неколку децении, кога била присутна со силата на законите во овие држави. Но, за жал, прашањето за сегрегација денес во 21 век е, можеби, еднакво актуелно како и во минатото. Изразените форми на сегрегација во Р Македонија што се нотирани во повеќе студии и извештаи, ја наметнуваат потребата оваа појава да се истражи темелно. Тоа подразбира да се испитаат значењата и формите на сегрегација, да се испита како се третира и како се обработува сегрегацијата во домашните документи и каква е свесноста во јавноста за неа.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова истражување е спроведено со цел да се испита прашањето на сегрегацијата, да се елаборираат видовите сегрегација и причините кои водат кон сегрегација. Во фокусот на истражувањето е сегрегацијата на Ромите во образованието во Република Македонија.

Во рамките на анализата беа направени кабинетско и емпириско истражување. Во кабинетското истражување беа анализирани достапните домашни и меѓународни документи. Целта беше да се добие појасна слика за тоа што се подразбира под сегрегација и како се манифестира таа, потоа, какви видови сегрегација постојат, а воедно и да се истражи како се третира и како се обработува таа во домашната легислатива.

Справувањето со сегрегацијата нужно подразбира извесно ниво на свесност за нејзиното постоење, што беше појдовна основа за спроведување на емпириското истражување. Емпириското истражување е спроведено со цел да се добие основен увид за сфаќањата, за перцепциите и за свесноста кај Ромите и неромите во поглед на неколку прашања поврзани со сегрегацијата. Тоа е спроведено на ограничен примерок, низ реализација на посебни фокус-групи со: средношколци, студенти и родители Роми, претставници на релевантни ромски невладини организации и невладини организации кои работат во сферата на подобрување на ромските прашања, средношколци нероми и студенти нероми.

[2] Според речникот Merriam Webster.

[3] http://www.vocabulary.com/dictionary/segregation

# ДЕФИНИРАЊЕ НА СЕГРЕГАЦИЈАТА И ВИДОВИ СЕГРЕГАЦИЈА

Клучен чин за појава на сегрегацијата во општествените односи е одвојувањето на една група или на повеќе групи од другите. Во „Поимникот на изрази поврзани со дискриминацијата[4]" сегрегацијата е дефинирана како систем од репресивни мерки и постапки со кои се спречува или се отежнува мешањето на луѓе кои се перципираат како припадници на различни групи. Акт на сегрегација постои независно од тоа дали се прави од страна на државни или на други органи, приватни лица или структури од јавен карактер (на пример: посетување училишта, посетување болници, ресторани, киносали, театри и други објекти, изнајмување станови и недвижност и сл.) и независно од тоа дали е дефинирана со закон или е дел од традиционалното општествено однесување. На пример: како акт на сегрегација може да се смета раздвојувањето на децата од различна етничка припадност во одделни училишта и факултети. Или, присилната концентрација на население од одредена етничка заедница или религиозна определба во еден дел од населено место. За сегрегација станува збор независно од тоа *кој* го иницира и како го спроведува издвојувањето (малцинската или мнозинската група).

Во овој дел од анализата е направен преглед на различни видови сегрегација и контексти во кои може да се јави таа. Опишани се различни форми на сегрегација, при што некои од нив имаат слични карактеристики. Тоа не претставува цврсто структурирана класификација на видови сегрегација, од причина што многу критериуми според кои би можеле да се поделат видовите сегрегација се совпаѓаат. Првенствена цел е да се укаже на постоењето и да се објаснат различните манифестации на сегрегацијата и различните контексти во кои се јавува таа.

[4] Македонски центар за меѓународна соработка (2008), Поимник на изрази поврзани со дискриминацијата. Скопје. Достапен на: http://www.kzd.mk/phocadownload/poimnik-na-izrazi-povrzani-so-diskriminacijata-2008.pdf

## ВИДОВИ СЕГРЕГАЦИЈА

### *Сегрегација де јуре и де факто*

Подвојувањето на заедниците или на делови од заедниците може да биде извршено со силата на законите, што претставува сегрегација *де јуре*. Но, под влијание на различи процеси во општеството, сегрегацијата може да се јави и да постои во реалноста, без да биде резултат од пропишани закони или правила, што претставува сегрегација *де факто.* Вообичаено јавноста не е доволно сензитивна за формите на *сегрегацијата де јуре*, што оневозможува таа да биде спречена. На овој начин, различните ранливи и маргинализирани групи или заедници остро се сегрегирани.

### *Сегрегација според обележјата на заедниците*

Во литературата може да се сретнат описи на различни видови сегрегација или подвојување на заедниците или на групите, кога таа се јавува според некоја од суштинските обележја на заедницата:

- *Расна сегрегација* – вид на сегрегација кога подвоеноста на заедниците е спроведена врз расна основа,
- *Етничка сегрегација* – кога подвоеноста на групите или на заедниците е според етничка основа,
- *Верска сегрегација* – сегрегација која е извршена врз верска основа,
- *Сегрегација врз јазична основа* – кога подвојувањето на групите или на заедниците се врши врз јазична основа.

## *Географска и резиденцијална сегрегација*

Причините што доведуваат до подвојување по расна, етничка, верска или јазична основа многу често доведуваат и до концентрирање на припадниците на дадената заедница на ограничен простор. Овој облик на сегрегација е тесно поврзан со т.н. *географска сегрегација*, кога групите се одвоени на одделни географски простори, како што се, на пример, населбите. Оваа сегрегација е тесно поврзана со т.н. *резиденцијална сегрегација*, која претставува одвојување на заедниците според местото на живеење. За овие процеси е важно да се нагласи дека и местото на живеење многу често е последица на претходни, економски условени процеси на сегрегација.

## *Полова, родова и професионална сегрегација*

Посебен облик на подвоеност е *половата сегрегација,* кога подвоеноста на луѓето е врз полова основа, како резултат од физичка или културолошка причина или поради дејството на одредени закони. Прашањето на половата сегрегација во значителна мера се совпаѓа со т.н. *родова сегрегација.* Оваа појава многу често е поврзана со половите и со родовите односи во организациите и хиерархиската поставеност во организациите, во кои, вообичаено, жените, во просек, имаат пониски примања од мажите за исти работни задачи и се поретко на раководни позиции од мажите. Оттука, специфична форма е своевидната *професионална сегрегација*, или сегрегација на жените по вертикална и по хоризонтална линија во професионален контекст. Овој вид на сегрегација е широко распространет, но кај помалку еманципираните заедници стапува во интеракција со етничката или со верската сегрегација, со што дејството станува уште позасилено. Како резултат од оваа сегрегација мажите и жените се концентрирани во различни сектори и на различни работни места на пазарот на трудот[5].

[5] Казанџиска, М., Ристеска, М., Шмит, В., (2012), Родовиот јаз во платите во Поранешната Југословенска Република Македонија, International Labour Organization.

# ФОРМИ НА СЕГРЕГАЦИЈА ВО ОБРАЗОВЕН КОНТЕКСТ

Сегрегацијата на Ромите во образованието е во фокусот на оваа анализа. Во поглед на подвојувањето во образовен контекст, сегрегацијата најчесто се јавува врз етничка или врз верска основа, што најчесто е реализирано и со подвојување врз јазична основа. Етничката и верската сегрегација неретко резултираат со резиденцијална (географска) сегрегација, па оттука овој вид сегрегација, често, е присутен во образовниот контекст.

Генерално, сегрегацијата во образованието може да биде резултат од *резиденцијалната сегрегација* или да се јави како резултат од *менаџерски одлуки* или одлуки на носителите на политиките на сите нивоа во образовната хиерархија, од една паралелка до самата Влада.

- Сегрегацијата во образованието, како резултат од *резиденцијалната сегрегација,* е појава кога учениците од различни етнички, верски или јазични заедници кои живеат во различни, одвоени населби, учат во различни и одвоени училишта.

- Резиденцијалната сегрегација може да резултира со појавата некои училишта да станат „гетоизирани“. Вакви процеси се присутни во одредени училишта во Р Македонија. Постојат повеќе причини за оваа појава. Гетоизирањето делумно се јавува поради демографски промени, но, пред сè, гетоизирањето се случува поради тенденција неромските деца да се отпишуваат или, воопшто, да не се запишуваат во конкретни училишта (недоследна примена на одредбите за реонизација), што е проследено со паралелни дискретни притисоци врз Ромите да се запишуваат токму во тие училишта[6].

- Сегрегацијата како резултат од *менаџерски* или од *политички одлуки* се јавува во ситуации кога учениците, иако живеат во мешани населби, вообичаено се сегрегирани врз етничка, верска, јазична (а во случајот на Ромите и врз расна) основа, и учат во одвоени смени или одвоени одделенија (училници). Подвојувањето на етнички „чисти“ одделенија или смени често е резултат од одлука на раководни структури на ниво на училиште, на локална или на централна управа, со образложение дека претставува остварување на правото да се учи на мајчин јазик. Посебен вид сегрегација во *образованието е сегрегацијата во специјални училишта и специјални одделенија* во рамките на редовните училишта. Повеќе извештаи на меѓународни организации, но и извештаите на канцеларијата на Народниот правобранител[7] на Р Македонија укажуваат дека постои непропорционална застапеност на ученици Роми во специјалните училишта и паралелки во државава.

## НЕМАНИФЕСТНИ ОБЛИЦИ НА СЕГРЕГАЦИЈА

### *Скриена сегрегација*

Наспроти манифестните облици на сегрегација, постојат повеќе појави на „скриена сегрегација“. Ја нарекуваме скриена, затоа што не е истакната во официјалните бројки или не е поврзана со видливата сегрегација во типичните ромски средини.

[6] Типичен пример за оваа појава, за која реагираше и Народниот правобранител на РМ во своите годишни извештаи е основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола. Слични процеси се одвиваат и во основните училишта „Браќа Рамиз и Хамид“ и „26 Јули“ во Шуто Оризари, кои се сегрегирани врз етничка основа.

[7] Извештај на Народниот правобранител за 2011 година. Подетално објаснување е дадено во делот посветен на извештаите на Народниот правобранител.

Имено, дури и во средини каде што бројот на Ромите е мал и тие не се сегрегирани во посебни одделенија, не е ретка појавата на сегрегација во рамките на самото одделение. Според претставници на невладините организации, поделеноста често се јавува и во рамките на самата училница, каде што обично, учениците-Роми седат во последните клупи. Во ваквите случаи „скриената сегрегација" се провлекува и во (не)учеството на Ромите во школските и во воншколските активности (како, на пример, екскурзиите), или во улогите што Ромите ги имаат во училишните приредби и претстави. Посебна форма на скриена сегрегација е начинот на кој се претставени Ромите во школските материјали, во книгите, сликовниците и во медиумите.

Форма на скриена сегрегација е *сегрегацијата маскирана во бројките*. Типичен пример за оваа форма на сегрегација е појавата во некои централни училишта кои имаат неколку подрачни единици (објекти). Имено, иако централното училиште со вкупната бројка на ученици од различни етнички заедници може да фигурира како мешано, всушност во различните објекти учениците од различните етнички заедници учат целосно подвоено. Ваквата појава многу често се јавува и во форма на поделеност по етнички смени.

Многу можности за спречување и за надминување на скриената (како и на манифестната) сегрегација не се искористени. Како резултат од влијанието на расни и на етнички предрасуди, неретко кај мнозинството владее отпор спрема интеграцијата на Ромите. Под таков притисок на мнозинството, често, локалните креатори на политиките и на училишните раководства ги игнорираат финансиските можности за образование и за интеграција на Ромите, дури и тогаш кога тие постојат.

## *Самосегрегација*

Недоволното познавање на причините и на последиците од сегрегацијата доведува до нејзино продлабочување. Во таква ситуација, единките од одредена етничка група се дури склони и на самосегрегација, кога тие гравитираат кон својот етнос, заедница, или населба каде што тие од психолошки аспект се чувствуваат безбедно и комотно.

Самосегрегацијата претставува негативен избор на луѓето кои се чувствуваат безбедно единствено на простор на кој се опкружени доминантно со својата заедница[8]. Некои од Ромите учесници во фокус-групите, а посебно мајките, изјавуваат дека се чувствуваат несигурно во мешани средини поради дискриминаторскиот и агресивен однос на мнозинските заедници кон нив. Од тие причини, родителите свесно носат одлуки со кои дополнително ги сегрегираат своите деца, на тој начин што ќе ги запишат во „чисто" ромско училиште, или, доколку нема можност за такво нешто, ќе ги отпишат од училиште.

Тоа значи дека самосегрегацијата во извесна смисла е „доброволна", а ваквата „доброволност" претставува основа и „аргумент" системот да не презема ништо за нејзино спречување и за превенција.

Самосегрегацијата не е резултат од тоа што родителите не ја разбираат суштинската важност на образованието, туку е последица од внатрешниот конфликт во проценката на шансите за задоволување на базичните потреби. Во стремежот кон безбедност и отсуството на шанси да се дојде до ресурси, образованието, често, не е приоритет кој носи повеќе шанси за физичка егзистенција и за опстанок.

Како последица која е поврзана со самосегрегацијата е сè поизразеното барање образованието на Ромите да биде на ромски јазик, што е забележано и во скорешното истражување *„Имаат ли Ромите подобро образование денес?"*[9]. Потребата и процесот на кодификување на ромскиот јазик како културна и цивилизациска придобивка дополнително се користи за политички популизам. Барањето Ромите да учат комплетно на ромски јазик е по аналогија на барањата на другите етнички заедници во Македонија, што би водело до поизразена самосегрегација.

---

[8] Nick Johnson and John Tatam, (2009), Good relations: a conceptual analysis, Equality and Human Rights Commission Research report 42, Institute of Community Cohesion (iCoCo).

[9] Симоска, Е. и сор., (2015), Имаат ли Ромите подобро образование денес? ФОСМ. Преземено од: http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/imaat-li-romite-podobro-obrazovanie-denes.pdf

### *Ресегрегација*

Ресегрегација претставува појава, односно процес на повторена сегрегација, која во минатите децении била намалувана во одредени места, општини или реони. Со отворањето на средното училиште во населбата Шуто Оризари, постои реална опасност за поизразена сегрегација. Оваа појава истовремено ќе има елементи и на ресегрегација, со оглед на многуте успешни процеси на интегрирање на ромското население од општината[10]. Имено, како резултат од многу активности и мерки што беа преземани во последните години, одреден дел од младата популација Роми успешно се интегрираа во општеството. Неспорно е правото и потребите на општината со бројно население да бара подобри услови и поквалитетно образование, во што се вклопува и барањето за отворање на средно училиште на своја територија. Но, силни се индициите дека отворањето на средното училиште во Шуто Оризари ќе влијае негативно врз трендот на интегрирање на ромските ученици со другите заедници во училиштата во другите населби. Напротив, ќе резултира со тренд на запишување на мнозинството ромски ученици токму во ова училиште. Може да се предвиди дека многу бргу, ова училиште ќе стане сегрегирано, па тоа може да доведе до поостра гетоизација на ромското население во населбата.

### *Сегрегација манифестирана во креирањето на политиките*

За интензивирање на сегрегацијата, или барем за нејзино неуспешно спречување придонесува и начинот на кој се креираат политиките и се подготвуваат стратешките документи. Имено, стратешките документи кои се однесуваат на Ромите се скоро целосно несинхронизирани со другите развојни документи и стратегии на државата. Се подготвуваат документи кои се изолирани од другите и се однесуваат само на Ромите (како што е Стратегијата за Ромите во РМ), со мерки и активности одвоени од севкупните општествени процеси. Тоа претставува своевидна „сегрегација во креирањето на политиките“. Тие документи не се хармонизирани со стратешките документи без кои развојот на Ромите не е можен, како, на пример, Стратегијата за сиромаштија, документите за развој на образованието или со активните мерки за вработување. Оттука, произлегува потребата - при изготвувањето на стратегии и мерки од сферата на здравството, социјалната заштита и образованието, да се води сметка тие да бидат меѓусебно кохерентни. Во спротивно, може да се случи една мерка од одредена област да биде насочена кон спречување на сегрегацијата, но, друга мерка од друга сфера да го неутрализира нејзиниот ефект.

### *Повеќекратна сегрегација*

Одредена група или заедница може да биде сегрегирана истовремено врз неколку основи. Тогаш станува збор за двојна, тројна или за повеќекратна сегрегација. Еклатантен пример за двојна сегрегација е сегрегацијата на Ромите во гетоизирани средини врз основа на етничка припадност и врз основа на сиромаштија. Дополнително, жените во оваа заедница се сегрегирани и врз полова основа, што претставува тројна сегрегација.

[10] ibid.
Како се перципира отворањето на ова училиште кај Ромите и неромите е детално опишано и во овој документ, во делот посветен на емпириското истражување.

# ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ И ТРЕТМАНОТ НА СЕГРЕГАЦИЈАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ И ДОМАШНОТО ЗАКОНОДОВСТВО И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Правото на образование и еднаков пристап до образованието е гарантирано со *Универзалната декларација за човекови права* на Обединетите нации од 1948.

Правото на образование е гарантирано и со Конвенцијата против дискриминација во образованието, усвоена од УНЕСКО од 1960 година, потоа со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените од 1981 година (член 10), усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации, како и со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп од 2006 година (член 24), исто така, усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации.

Меѓународен инструмент од особено значење врз основа на кој се заснова правото на образование е Конвенцијата за правата на децата, усвоена во 1989 година. Имено, Конвенцијата предвидува дека училиштата треба да го почитуваат човечкото достоинство на децата, а образованието треба целосно да ги развие карактерот и талентите на детето. Тоа треба да ги поттикнува децата да ги почитуваат своите родители, својата култура, како и другите култури.

Правото на образование е утврдено и во рамките на Европската конвенција за човекови права и слободи, усвоена во 1952 година од страна на Советот на Европа. Во европскиот контекст, друг меѓународен инструмент што го гарантира правото на образование е и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, што е усвоена од страна на Советот на Европа во 1995 година, исто како и Европската конвенција за човекови права.

Република Македонија е земја потписничка на сите релевантни меѓународни декларации. Правото на образование и еднаков пристап до образованието е гарантирано со Уставот и со релевантните закони.

Според меѓународното право сегрегацијата е забранета, без оглед дали таа е намерна или последица од ненамерни процеси и *се третира како особено остра форма на дискриминација*[11]. Во *Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација* (ИЦЕРД, во членот 3) е нагласено дека: „Државите особено се залагаат против расната сегрегација и преземаат мерки за превенција и за нејзина забрана и искоренување“. Во Конвенцијата против дискриминација во образованието на УНЕСКО се забранува основање или одржување на посебни образовни системи или институции за лица или групи на лица. Во истата Конвенција е нагласено дека е „забрането кое било лице или група да се ограничува на инфериорно образование“.

Во овој контекст, Врховниот суд на САД се има произнесено дека подвоените училишта се инхерентно нееднакви и дискриминирачки[12].

Овие стандарди на меѓународното право се преточени и во Директивите на ЕУ за расна еднаквост[13], кои се задолжителни насоки за земјите членки на ЕУ.

Во земјите во регионот, антидискриминациските документи на Бугарија и Унгарија содржат експлицитна дефиниција на сегрегацијата во образованието како форма на дискриминација[14]. Во бугарскиот Закон за заштита од дис-

[11] European Roma Rights Centre, (2004) Stigmata: Segregated Schooling of Roma in Central and Eastern Europe, available at: http://www.errc.org/db/00/04/m00000004.pdf.

[12] Gary Orfield, (2001), Schools More Separate: Consequences of a Decade of Resegregation, Harvard University.

[13] Official Journal of the European Communities, Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000.

[14] European Roma Rights Centre, (2007), The Impact of Legislation and Policies on School Segregation of Romani Children.

криминација се вели дека: „Принципот на еднаков пристап е особено прекршен доколку лице или група се ограничени на грижа или образовен систем чии стандарди не ги достигнуваат прифатените професионални барања и правила, и на тој начин не осигуруваат разумни и очекувани можности за нивна подготовка за државните испити (проверки на знаењето)“. Законот дури и ги обврзува министерот надлежен за образованието и локалната власт да „преземат неопходни мерки за да се отстрани сегрегацијата од образовните институции“.

Во документот на ОЕЦД „Правичност и квалитет во образованието: поддршка на учениците и училиштата во неповолна положба“ меѓу петте клучни и системски препораки е и следнава: „Да се менаџира изборот на училиштето, за да се избегнат сегрегацијата и зголемените нееднаквости“[15].

Од овие документи и одредби може да се заклучи дека меѓународното право наложува сегрегацијата да се третира како особено остра форма на дискриминација, против која е обврзно да се преземат сите неопходни мерки. Мерките треба да бидат насочени кон нејзино искоренување и во насока на спречување на појавата - одредени лица или групи да имаат инфериорно образование. Сегрегацијата во образованието претставува форма на дискриминација затоа што се манифестира на начин што припадници на одредени групи или заедници имаат ограничен пристап до квалитетно образование, и на начин што постои нееднакво постапување на релевантните фактори во образовниот процес во однос на остварувањето на нивното право на квалитетно образование.

Во домашната легислатива и стратешките документи, сегрегацијата како поим и термин се среќава ретко. Таа не се обработува, и воопшто не се спомнува во законите што ги регулираат или ги обработуваат сферите кои се директно поврзани со можноста за појава на сегрегација, како што се: Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година и измената од 2014 година, Законот за заштита на децата од 2013 година и трите измени и дополнувања од 2014 година, ниту во Законот за основно образование и Законот за средно образование од 1995 и неговите 27 измени и дополнувања. Со оглед на тоа што за појавата и за опстојувањето на сегрегацијата има влијание и целиот образовен контекст, вклучително и школските материјали и учебниците, важно е да се напомене дека сегрегацијата не се спомнува ниту во Законот за учебници за основно и средно образование[16].

Состојбата е слична и со другите релевантни државни документи: во „Национална стратегија за еднаквост и недискриминација по основа на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол“ *сегрегацијата* не се спомнува и не се предвидуваат активности насочени кон нејзино сузбивање. Во „Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015“, сегрегацијата, исто така, не се третира во образовен контекст и, воопшто, не се спомнува. Состојбата не се разликува ниту кога ќе се прегледаат другите, помалку релевантни документи и закони кои се помалку поврзани со сегрегацијата.

Постоењето на сегрегацијата е нотирано само во два стратешки документа, имено, во *Стратегијата за Ромите во Република Македонија*[17], и во *Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020.*

Во *Стратегијата за Ромите во Република Македонија*, подготвена од Министерството за труд и социјална политика во 2005 година, се нагласува дека сегрегацијата на Ромите постои во повеќе општествени сфери, а посебно во домувањето, во образованието и во здравствените услуги, при што „се препорачува да се нормираат заштитни механизми против дискриминација и сегрегација (стр. 58)“. Сузбивањето на сегрегацијата е една од зацртаните цели и во *Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020*. Овие два примера покажуваат дека и некои

[15] OECD (2012). Equity and Quality in Education: Supporting Disadvantaged Students and Schools, OECD Publishing. http://dx.doi. org/10.1787/9789264130852-en

[16] Службен весник на РМ, бр. 98 од 04.08.2008 година.

[17] Министерство за труд и социјална политика, 2005, Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

државни институции ја согледуваат сегрегацијата како еден од најсилно поврзаните фактори на сиромаштијата и социјалната ексклузија, фактор кој и понатаму генерира сегрегација и сиромаштија. Но, мора да се забележи дека сегрегацијата се појавува само во документите поврзани со сиромаштијата и со социјалната ексклузија, и само како појава која е идентификувана како тесно поврзана со нив. Од тие причини се декларираат заложби дека е нужно нејзиното сузбивање, но притоа не се нудат конкретни механизми и акции. Истовремено, во стратешките документи и акциски планови за развој на образованието, здравството или економскиот развој на земјата, сегрегацијата, воопшто, не се спомнува. Сиве овие документи, воопшто, не се поврзани во смисла на креирање заеднички мерки за сузбивање на сегрегацијата.

Во 2010 година е донесен *Законот за спречување и заштита од дискриминација*[18]. Во Законот и во измената на законот од 2014 година, не се спомнува поимот сегрегација. Во овој закон, поимот дискриминација е дефиниран како „секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа“.

Понатаму, под дискриминаторско однесување и постапување се подразбира „секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи“.

[18] Службен весник на РМ, бр. 50 од 13. 04. 2010 година.

Одредено дејство може да претставува акт на дискриминација независно од тоа:

1. дали е направено со сторување или со несторување на дејството;

2. дали е направено од страна на физички или правни лица, односно во приватниот или во јавниот сектор;

3. дали станува збор за акт на давање некому помалку права (депривилегирање) или давање некому повеќе права (привилегирање).

Законот ја забранува дискриминацијата, но никако не ја обработува сегрегацијата и не пропишува проактивни мерки и обврски за нејзино спречување. Поради тоа, и кога би се потврдила ситуација на сегрегација де факто, легислативата во Р Македонија не овозможува таа да се третира како кривично дело. На линија на ваквата недореченост во легислативата се заклучоците на *Меѓународната мрежа на независни експерти за основните права*[19], според кои законите за антидискриминација не се ефикасни во справување со сегрегацијата на Ромите, без да се донесат и да се имплементираат позитивни обврски насочени кон десегрегација на Ромите во образованието. На истата линија е и препораката на Народниот правобранител на РМ, кој е на мислење дека проблемот на сегрегацијата во правен контекст треба да се решава законски.

[19] EU Network of Independent Experts on Fundamental Rights. Thematic comment no. 3: The protection of Minorities in the European Union. April, 2005, pg. 45-54, available at: http://ec.europa.eu/justice/fundamental-rights/files/cfr_cdf_them_comments2005_en.pdf

# НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

За справување со дискриминацијата особено важно е да постои ефикасна распределба на надлежностите, што во себе подразбира и распределба и прифаќање на одговорностите на инволвираните институции. Во случајот со Р Македонија, постојат одредени институционални нејаснотии во распределбата на надлежностите за справување со дискриминацијата. Повеќе државни органи и независни институции имаат законски надлежности за постапување во случај на дискриминација (судовите, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација), при што не е доволно јасно разграничено во кој случај кој орган треба да постапува.

Во справувањето со сегрегацијата и со дискриминацијата, неопходно е надлежните институции ефикасно да ги реализираат своите надлежности. Во тој контекст, во продолжение, се дадени институциите кои имаат најголеми надлежности во сузбивањето на дискриминацијата, а со тоа, тие би требало да бидат целосно ангажирани и во сузбивањето на сегрегацијата.

## А. НЕЗАВИСНИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ

### *Комисија за заштита од дискриминација (КЗД)*

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација е формирана *Комисијата за заштита од дискриминација*.

Комисијата за заштита од дискриминација има изготвено „Стратешки план 2011-2015“, во кој е истакнато дека *визијата* и *мисијата* на Комисијата се остварување и унапредување на човековите права и нивна заштита, надминување на стереотипите и елиминирање на секаков вид дискриминација, во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија и меѓународните конвенции и договори.

Во Стратешкиот план на Комисијата (на стр. 4) е потенцирано дека „Комисијата во својата анализа на состојбата со дискриминацијата, уочила повеќе проблеми со кои треба да се справува општеството. Овие појави Комисијата ги дели во неколку групи:

**а) присутност на дискриминацијата**

- неприфатливост на различноста по етничка и верска припадност
- политичка манипулација со националните и со верските чувства
- етничка нетрпеливост (особено кон Ромите)

- неадаптирана инфраструктура за лица со посебни потреби
- високи диспаритети по образовна, социјална и економска структура

**б) ниска јавна свест за дискриминацијата**

- предрасуди, ненадминати историски трауми и латентна дискриминација
- големо влијание на традицијата
- немање јасна перцепција за дискриминација
- несвесност кај широката популација за постоење дискриминација
- недоволен пристап до информации

**в) дискриминаторски одредби во легислативата**

- дискриминаторски политики – правни акти и мерки
- неусогласеност на различни закони кои ја третираат оваа материја
- различни термини, дефиниции и практики".

Тоа што Законот за спречување и заштита од дискриминација не ја третира сегрегацијата како форма на дискриминација се рефлектира и врз работата на Комисијата. Не постои посебна надлежност и обврска за образовните инспекторски служби да мониторираат појава на сегрегација во своите проверки. Во своите годишни извештаи, Комисијата за заштита од дискриминација не известува дека таа постапувала по случаи на сегрегација или дискриминација како последица од сегрегацијата. Не е посочено ниту дека Комисијата иницирала испитување на случаи на сегрегација, ниту, пак, дека Комисијата добила претставки за сегрегација. Во ситуација кога повеќе домашни и меѓународни документи и извештаи[20] опишуваат случаи на сегрегација во Р Македонија, останува нејасно како сегрегацијата не е идентификувана во работата на Комисијата.

Од друга страна, сметаме дека независноста и непристрасноста на Комисијата за заштита од дискриминација е дискутабилна со оглед на тоа дека три од седум членови се вработени во државните институции.

Во поглед на надлежностите, Комисијата: постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација; на подносителот на претставката му дава информации за неговите права и можности за покренување судска или друга постапка за заштита; покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на овој закон; поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија; ја информира јавноста за случаите на дискриминација и презема активности за промоција и едукација на еднаквоста, човековите права и недискриминација; го следи спроведувањето на ЗСЗД, иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација; воспоставува соработка со органите надлежни за остварување на еднаквост и заштита на човековите права во локалната самоуправа; им дава препораки на државните органи за преземање мерки за остварување на еднаквоста; дава мислења по предлози на закони од значење за заштита од дискриминација; прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминацијата; соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на заштита од дискриминација; и донесува деловник за работа и други акти за внатрешната организација на работата.

[20] Наодите во однос на сегрегацијата во овие документи се елаборирани во поглавјето „Сегрегација на Ромите во образованието нотирана во релевантни документи".

## *Народен правобранител на Република Македонија (НП)*

Институцијата Народен правобранител е воспоставена со Законот за народниот правобранител во 1997 година. Согласно со одредбите од Амандман XI, во 2003 година е донесен нов Закон за народен правобранител, а во 2009 година се донесени измена и дополнување на овој закон. Со амандманот XI се прошируваат надлежностите, при што е утврдено дека „Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби“.

Надлежностите на Народниот правобранител се: презема дејства за одбрана на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници кога се повредени од органите на државната власт, од органите на единиците на локалната самоуправа и на јавните установи и служби; презема мерки и дејства за заштита од неоправдано одложување на судските постапки или несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби; постапува по поднесени претставки за заштита на уставните и на законските права поднесени од поединци или групи, како и по сопствена иницијатива; поднесува годишен извештај до Собранието на РМ и онаму каде што е тоа соодветно, по барање може да поднесува извештаи до советите на општините во кои се формирани децентрализираните канцеларии; може да ги прегледа сите службени документи, при што им се забранува на Народниот правобранител и на неговиот персонал да откриваат доверливи информации; до донесувањето на одлуката од страна на надлежниот суд може да суспендира извршување на управен акт, доколку тој определи дека актот може да произведе непоправлива штета во однос на правата на заинтересираното лице; дава иницијатива за нивни измени и дополнувања; ги следи состојбите на почитување и заштита на уставните и на законските права на лицата во органите, во организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена; има право пред Уставниот суд да ја оспори уставноста на законите со Уставот; дава препораки, мислења, укажувања и предлози за начинот на отстранување на констатирани повреди, предлага повторно спроведување на одредена постапка, поведува иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено или одговорно лице, при што може да поднесе барање до надлежен јавен обвинител за покренување на постапка за утврдување на казнена одговорност.

Последователно на ова, воспоставени се шест регионални канцеларии на Народниот правобранител и тоа во: Тетово, Битола, Куманово, Кичево, Струмица и Штип.

## *Агенција за остварување на правата на заедниците (АОПЗ)*

Агенцијата е основана со Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, како самостоен орган на државната управа. Агенцијата се грижи за спроведување на горенаведениот закон и врши надзор за спроведување на законите со кои се уредуваат правата на припадниците на заедниците. Агенцијата се грижи за остварување, унапредување и надзор на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија во областа на: вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност, употребата на јазикот, образованието (основно, средно и високо), културата, информирањето на својот мајчин јазик преку електронски и печатени медиуми, правото на основање на здруженија и фондации заради остварување на културните, образовните, уметничките и научните цели, како и употреба на своите симболи.

## Б. ЗАКОНОДАВНИ ИНСТИТУЦИИ

### *Собрание на Република Македонија*

Како носител на законодавната власт во Република Македонија (член 61 од Уставот), Собранието на РМ ја носи одговорноста за донесување на Уставот и уставните амандмани. Согласно со член 68 од Уставот, релевантни надлежности на Собранието на РМ се: изменување на Уставот; донесување на закони и автентично толкување на донесените закони; избор на судии на Уставниот суд и избор/разрешување на другите судии; врши избори, именувања и разрешувања на јавни и на други функции. Понатаму, Собранието на РМ ги избира членовите на независните државни институции за еднаквост и недискриминација: Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација.

### *Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните (ПАКЗСПГ)*

Комисијата има претседател, осум членови и нивни заменици. Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат на: начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштитата на слободите и правата на граѓанинот; укажување на потребата од донесување закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот; следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот; разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови во однос на нив; соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот; соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот и други прашања што се однесуваат на заштита на слободите и правата на граѓанинот.

### *Комитет за односи меѓу заедниците (КОМЗ)*

Комитетот за односи меѓу заедниците е посебно тело во рамките на Собранието, формирано со Амандман XII од Уставот. Согласно со посочениот амандман, составот на Комитетот вклучува по 7 претставници на етничките Македонци и етничките Албанци, како и 5 претставници од другите етнички заедници (Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци). Една од основните задачи на Комитетот е да разгледува прашања од односите меѓу заедниците и да дава мислења за нивно решавање. Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да одлучува по нив.

### *Комисија за еднаквост меѓу жените и мажите (КЕЖМ)*

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици. Комисијата разгледува прашања што се однесуваат на: разгледување на предлозите на законите и другите прописи што ги донесува Собранието од областа од трудот и на социјалната политика, образованието и здравството, семејството и грижата за децата, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив; разгледување на Предлог- национални планови за акција за еднакви можности на жените и на мажите; следење на усвојувањето и примената на основните и на посебните мерки за воспоставување нееднакви можности за жените и за мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика; следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и на мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика; иницира донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и на мажите; поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и на мажите; редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и на мажите; соработката со соодветните комисии на другите земји и разгледува други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и на мажите.

## В. ИЗВРШНА ВЛАСТ

### *Сектор за еднакви можности*

Секторот за еднакви можности во рамките на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е институција формирана во рамките на *извршната власт*.

До 2007 година, со прашањето на родовата рамноправност се занимаваше Министерството за труд и социјална политика, поточно Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите во Секторот за труд. По донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и на мажите во 2006, во ова министерство се формираше посебен Сектор за еднакви можности. Секторот за еднакви можности е формиран во март 2007 година, со Актот за систематизација и организација на Министерството за труд и социјална политика.

Секторот се состои од две одделенија – Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид дискриминација.

Во Одделението за превенција и заштита од секаков вид дискриминација е предвидено да се работи на промовирање на политиката во областа на заштитата од дискриминација врз веќе наведените основи и сфери: активно поттикнување, обезбедување поддршка и спроведување на мерки и програми насочени кон зголемување на препознавањето и разбирањето на причините, последиците и механизмите на дискриминација и насилство насочено кон оние што се одговорни за имплементирање на овие политики; креирање или зајакнување на институционални механизми за превенција и за заштита на жртвите од секаков вид дискриминација; спроведување на информативни кампањи и едукативни програми, со цел запознавање на општата популација за формите на дискриминација и нивно соодветно препознавање и почитување на различностите; преземање на специјални мерки за елиминирање на дискриминацијата.

### *Управа за афирмирање и за унапредување на културата на припадниците на заедниците*

Оваа управа е формирана кон крајот на 2004 година како советодавен орган во составот на Министерството за култура, а врз основа на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Главни надлежности на оваа институција се грижата за афирмирање, за унапредување и објавување на културното творештво и грижата, негувањето и презентирањето на културното наследство на припадниците на заедниците.

### *Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците*

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците е основана со Законот за организација и работа на органите на државната управа (види кај претходната управа) во состав на Министерството за образование и наука. Управата има обврска да ги спроведува задачите во областа на образованието на припадниците на заедниците, согласно со уставните одредби и потпишаните меѓународни конвенции од страна на Република Македонија, со учество на сите тела на Владата и други државни тела и институции во доменот на образованието на припадниците на заедниците.

Управата работи врз надминување на јазичните бариери и унапредување на меѓуетничката доверба, во градењето демократски модел и односи за поуспешна социјализација и вклучување на припадниците на различните јазични заедници во општеството. Во рамките на Управата, посебен акцент се става врз спречување на дискриминацијата во областа на образованието и на целокупниот образовен процес.

# СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НОТИРАНА ВО РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ

Сегрегацијата на Ромите во образованието во Република Македонија е детектирана во повеќе домашни и меѓународни документи кои се опишани во продолжение. Во еден од документите е забележано дека за носителите на образовните политики и практики, вообичаено, како да е доволно ромските деца да се само формално запишани на училиште, без да се обезбедат мерки за квалитетно образование на исто ниво како за мнозинството[21].

Сегрегираноста во образованието е тесно поврзана со ниските академски постигања на Ромите. Во *Стратегијата за Ромите во Република Македонија*[22] од 2004 година е забележано дека сегрегацијата е фактор на нискиот степен на образовни постигнувања кај ромската популација. Во Стратегијата се препорачува развивање на стандардизирани механизми за заштита од дискриминација во образованието, воопшто, и од сегрегацијата посебно.

Поврзаноста на сегрегацијата со образовните постигања е потврдена во релевантни истражувања во неколку држави во нашето поблиско опкружување, кои може да послужат како аналогии. Тие покажуваат дека квалитетот на образованието во сегрегиран контекст ги зголемува социјалните ограничувања и разлики. Спроведените тестирања на знаењата во Бугарија покажуваат дека ромските деца кои учат во интегриран образовен контекст имаат повисоки академски постигања. Студијата во Унгарија покажува дека училишната сегрегација на децата од семејства со низок социо-економски статус води кон намалување на квалитетот на образованието во тие училишта. На тој начин се создава каузална поврзаност на сегрегацијата со квалитетот на образованието, во која сегрегацијата ги засилува првичните нееднаквости[23].

Сегрегацијата на Ромите во образованието почнува уште на ниво на предучилишно образование, за што, во нашата држава, типичен пример е населбата Шуто Оризари[24]. Ниската застапеност на ромските деца во предучилишно образование е еден од најсилните фактори за нивните идни ниски постигања, што посредно влијае врз сегрегирање на ромските деца во конкретни средини и училишта. Од друга страна, една студија на Европскиот центар за правата на Ромите[25] покажува дека во случаите кога ромските деца се вклучени во предучилишно образование, кое е сегрегирано, тоа претставува фактор што ќе предиспонира натамошната сегрегација на овие деца.

Во најновиот извештај на Амнести интернешнл (Amnesty International)[26], во делот за Македонија, како и во посебното поглавје „Дискриминација“ се наведува дека власта потфрлила во превенцијата и заштитата на Ромите од повеќе

[21] Фонд за образование на Ромите. (2010). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија – процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите (работна верзија), Будимпешта.

[22] Министерство за труд и социјална политика, Стратегија за Ромите во Република Македонија (Скопје: Министерство за труд и социјална политика, 2004), Делови II.3.2, II.3.3.4.

[23] European Roma Rights Centre, (2007), The Impact of Legislation and Policies on School Segregation of Romani Children.

[24] Фридман, Е. и сор., (2012), Извештај на Граѓанското општество за имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и акциските планови за Декадата во Р. Македонија во 2012 година.

[25] European Roma Rights Centre, (2007), The Impact of Legislation and Policies on School Segregation of Romani Children.

[26] Amnesty International (2015), The State of The World's Human Rights, Annual Report 2014/15, Преземено на 26.2.2015 од: file:///C:/Users/%D0%9E%D0%B3%D0%BD%D0%B5%D0%BD/Downloads/POL1000012015ENGLISH.PDF

форми на дискриминација. Акциските планови од Декадата на Ромите и препораките на ОН од 2013 не се имплементирани. Воедно, околу 850 Роми и Ашкалии бегалци од Косово од 1999 година останаа во Македонија без трајно решение. Во извештајот е нагласено дека најголем дел од овие бегалци се сериозно сегрегирани.

Според Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, во правец на заштита од дискриминација, до Државниот просветен инспекторат во периодот од пет години (2009 - 2014) е поднесена само една претставка против наставници или установи од областа на образовниот процес за сторена дискриминација врз основа на припадност кон ромската етничка заедница. Меѓутоа, Хелсиншкиот комитет оценува дека тоа не треба да значи дека дискриминацијата не е присутна во процесот на образование, туку говори дека родителите не се доволно информирани за дискриминацијата како појава и за механизмите за заштита од дискриминација што се воспоставени во согласност со законската регулатива[27].

Хелсиншкиот комитет во еден свој месечен извештај од 2009 година, насловен како „Чекори кон сегрегација на Македонија", документира случај на образовна сегрегација на етничките заедници во училиште во Струга[28].

Еден од најстарите предмети што Хелсиншкиот комитет на РМ го поведе пред Комисијата за заштита од дискриминација е токму во сферата на сегрегацијата на Ромите во образованието[29]. Жалбата на Хелсиншкиот комитет е насочена кон намерната концентрација на ромските деца во основното училиште „Ѓорѓи Сугарев" во Битола, а е доставена до Комисијата за заштита од дискриминација во април 2011 со барање Комисијата да се изјасни дали препраќањето на децата Роми во ОУ „Ѓорѓи Сугарев" во Битола, со образложение дека нема место за нив во основните училишта во кои тие првенствено аплицирале, претставува форма на дискриминација. Одвоено од Хелсиншкиот комитетет, и раководителот на *Дирекцијата за промовирање и развој на образованието на јазиците на малцинствата* во 2010 година има побарано сегрегираните паралелки во основните училишта во Битола да бидат укинати. Во 2014 година Комисијата за заштита од дискриминација по претставката на Хелсиншкиот комитет утврдила дека „не е направена директна дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образованието[30]". Образложението е дека поради анонимноста на родителите на децата во прашање кои го информирале Хелсиншкиот комитет, Комисијата не можела детално да утврди дали тие живеат во реоните на наведените училишта.

Во „Анализата на образованието на Ромите во Република Македонија"[31] со користење на податоците од Државниот завод за статистика за годините од крајот на претходната деценија е направена груба пресметка за застапеноста на Ромите во *специјалното образование*. Според пресметката, Ромите (во периодот опфатен во студијата) се застапени со околу 36 проценти во вкупната бројка на деца запишани во специјални основни училишта и со 28 проценти од вкупно запишаните во специјалните паралелки во средно училиште. Ваквата процентуална застапеност е енормно повисока од застапеноста на Ромите во вкупната популација, што не може да биде одраз на реалната состојба.

Во специјалните училишта учениците Роми кои немаат интелектуална попреченост и дефицит се изложени на помалку квалитетно образование, пониски стандарди на настава и постигања, а воедно и можностите за вертикално напредување во учењето се многу лимитирани. На тој начин, појавата на несразмерно побројното запишување на ученици Роми во специјалните училишта и паралелки дополнително ја зацврстува сегрегацијата на долг рок.

[27] Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (2014), АНАЛИЗА: Помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005 – 2015, Скопје.

[28] Хелсиншки комитет на Р. Македонија, Месечен извештај, февруари 2009, http://www.mhc.org.mk/reports/84# прегледано на 18. 12. 2014 год.

[29] Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (2014), АНАЛИЗА: Помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005 – 2015, Скопје.

[30] http://www.kzd.mk/mk/pretstavki/2014/category/56-%D0%95%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0%20%D0%9F%D1%80%D0%B8%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82

[31] ФООМ, (2011), Анализата на образованието на Ромите во Република Македонија.

Сегрегацијата на учениците Роми во Република Македонија е идентификувана како еден од главните фактори на нискиот квалитет на нивното образование и ниските академски постигања и во студијата: „Образованието на учениците со ниски постигања во учењето“[32].

За темелни анализи во врска со ефектите од сегрегацијата врз образовните постигања на Ромите се неопходни десегрегирани податоци. Добивањето на таквите податоци е отежнато поради легислативата за заштита на лични податоци, што како дилема е присутна и во ЕУ. Но, по обемна експертска расправа, Европската комисија известува дека: „Спротивно на широко распространетото верување, меѓународните, европските и националните регулативи за заштита на приватноста и личните податоци, категорично **не** забрануваат собирање на податоци поврзани со дискриминација. На земјите членки им е дозволено да донесат посебни законски одредби со кои ќе биде дозволено обработување на сензибилни податоци доколку тоа се врши заради јавен интерес и со соодветна заштита. Најнакрај, треба да се нагласи дека постојат форми на собирање податоци кои не се спротивни на законите за заштита на личните податоци, вклучително и анонимно мониторирање на работно место или анонимни истражувања[33]“.

Постоењето на сегрегацијата, посебно во сферата на образованието, е евидентирана во повеќе студии и документи на меѓународни организации кои се однесуваат на Р Македонија.

Така, во студија посветена на мултикултурализмот во Македонија[34] се вели дека Високиот комесар за национални малцинства забележал „алармантен тренд на етничка поделеност во земјата“. Според комесарот, таквата поделеност по етничка и јазична основа оневозможува контакти и соживот меѓу заедниците, а сегрегираното образование ќе ја чини државата многу скапо во реализацијата на целта да се изгради кохезивно општество.

Стејт департментот на САД и во своите последни извештаи за човекови права за 2012 и 2013 година повторува дека постои нагласена сегрегација на ромските деца во специјалните училишта[35].

Во документ од 2008 година подготвен од УНДП[36], подлабоко се анализираат причините за поделеноста во општеството. Притоа, се нагласува лошата состојба и сегрегираноста во образованието, за која се вели дека понатаму води во подлабока сегрегација во општеството. Во анализата од следната година, се повторува загриженоста за длабоката сегрегација и се истакнува дека родителите сè помалку сакаат да ги запишуваат своите деца во училишта каде што учат и ученици од други етнички заедници.

Во документот на УНИЦЕФ: „Кон инклузијата на Ромите: преглед на иницијативите за образование на Ромите во Централна и Југоисточна Европа“[37] е идентификувано дека училиштата, често, не им ја даваат потребната помош на Ромите во образованието, како и дека Ромите неретко се дискриминирани од страна на нивните соученици, но и од наставниците. Понатаму, се вели дека учениците Роми и кога се вклучени во образованието, често, се сегрегирани во одделни училишта или паралелки или во специјални училишта. Се констатира дека сиве овие форми на сегрегација резултираат со низок квалитет на образованието на Ромите.

Постоењето на сегрегацијата во образованието е констатирано и во повеќе други документи и студии, како што се: студијата „Анализа на образованието на Ромите во Република Македонија“ на Фондацијата Отворено општество -

[32] ФООМ, (2013). Образованието на учениците со ниски постигања во учењето, Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија.

[33] Timo Makkonen. Measuring Discrimination. Data Collection and EU Equality Law. European Commission, Directorate-General for Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Unit G.2., 2007, p. 72.

[34] Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. (2009). Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education [Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието]. Skopje: UNICEF.

[35] US Department of the State: Country Reports on Human Rights Practices. Преземено од: http://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/humanrightsreport/index.htm#wrapper

[36] UNDP, (2008), People-Centred Analysis Report.

[37] UNICEF, 2009, Toward Roma Inclusion: A Review of Roma Education Initiatives in Central and South-Eastern Europe, Geneva: UNICEF Regional Office for Central and Eastern Europe and the Commonwealth of Independent States.

Македонија; „Мапирање политики и практики за подготовка на наставниците за инклузивно образование во контекст на социјален и културен диверзитет: извештај за Поранешна Југословенска Република Македонија“[38] на Европската фондација за обуки; „Извештајот за напредокот кон милениумските развојни цели“[39], како и во други документи.

### *Сегрегацијата во извештаите на Народниот правобранител на Република Македонија*

Со оглед на важноста и релевантноста на *Народниот правобранител на Република Македонија* во сферата на заштитата на човековите права, извештаите на оваа институција ќе бидат посебно разгледани. Тие посебно добиваат на важност кога се има предвид дека станува збор за државна институција.

*Народниот правобранител* редовно алармира за појавата на сегрегација во своите извештаи од последните неколку години, а, пред сè, за сегрегацијата на учениците Роми. Во продолжение ќе бидат презентирани наодите од последните извештаи.

Во својот *извештај за 2010 година*[40], Народниот правобранител нагласува дека: „Граѓаните реагираа и на појавата на стереотипи во образовниот процес, вршење сегрегација на децата од ранливите групи (особено на ромската заедница) и на неостварување на правото на образование на мајчин јазик на припадниците на заедниците“ (стр. 87).

Во *извештајот за 2011 година*, Народниот правобранител ја потенцира потребата за преземање мерки и промотивни политики во однос на Ромите и на ромските деца кои се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на останатите деца. „За жал, во Републиката, сè уште постои *сегрегација* на ромските ученици, кои во некои училишта се одделуваат од останатите ученици во посебни паралелки и кај нив, воопшто, *не се применува реонизацијата* на запишување во образовниот процес. Така, во некои општини каде што ромската етничка заедница е побројна, како што се: Битола и Штип, ромските деца се запишуваат само во одредени училишта, без оглед дали училиштето му припаѓа на реонот во кој се наоѓа нивниот дом“ (стр. 101).

Во својот *извештај за 2012 година*, Народниот правобранител дава свое видување за (дел од) причините за сегрегацијата по етничка основа. Имено, во извештајот се вели: „И понатаму учениците учат во етнички мешани училишта во кои наставата се одвива на два или на повеќе јазика и кој претставува дополнителен фактор на поделба, затоа што во име на спречување на меѓуетничките конфликти, учениците што ја следат наставата на различни јазици се раздвојуваат по смени или по згради. Ваквите поделби доведуваат до чести бојкоти на наставниот процес, до конфликти помеѓу учениците, па и помеѓу наставниците од различни етникуми, што како резултат доведува до тоа да имаме и насилства во училиштата“ (стр. 102).

Во практиката, токму овие насилства, кои, можеби, не се случајни, понатаму се користат како најсилен аргумент и причина за одвојување на учениците во различни училишта, смени или одделенија (училници), со што сегрегацијата понатаму се потхранува самата себеси.

Понатаму во истиот извештај, Народниот правобранител ја потенцира и потребата за преземање активни мерки и промотивни политики во однос на Ромите и на ромските деца кои се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на останатите деца. Во извештајот се вели дека: „За жал, *сè уште, во Републиката постои сегрегација на ромските ученици* кои во некои училишта се одделуваат од останатите ученици во посебни паралелки и кај нив *воопшто не се применува реонизацијата* на запишување во образовниот процес“.

[38] Spasovski, O., Ballazhi, S., Friedman, E. (2010). Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity: Former Yugoslav Republic of Macedonia Country Report. Turin: European Training Foundation.

[39] Влада на Република Македонија. (2009). Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели. Програма за развој на Обединетите нации.

[40] Годишните извештаи на Народниот правобранител се достапни на следниов линк: http://ombudsman.mk/MK/godishni_izveshtai.aspx

Народниот правобранител е на мислење дека проблемот на сегрегацијата во правен контекст треба да се решава законски. А во поглед на законските одредби, фактичката состојба говори дека законите му го овозможуваат правото на родителот да го запише своето дете и во училиште надвор од реонот на живеење, што, пак, не е во согласност со одредбата за реонизација. Народниот правобранител ќе заклучи дека: „Флексибилноста во толкувањето на законската регулатива произведува ситуација во етнички мешани средини да имаме етнички чисти училишта“. Народниот правобранител понатаму инсистира за доследно почитување на реонизацијата, а непостапувањето по неа да биде оправдан исклучок, наместо правило. Според Омбудсманот: „Токму ваквото флексибилно толкување на обврската за реонизација, доведе до тоа во учебната 2012/2013 година во Општина Битола во едно основно училиште каде што традиционално учеле заедно ромските и македонските деца, да се запишат само десетина деца од македонска националност, само поради присуството на ромски ученици во ова училиште. Народниот правобранител укажува на последицата од ваквата состојба и бара преземање активни мерки од страна на општинската администрација за да се спречи ваквата појава, која реално може да произведе негативен ефект и да го доведе во прашање и самото опстојување на училиштето во блиска иднина“.

Сегрегацијата на ромските ученици во битолското училиште се обработува и во *Извештајот на Народниот правобранител за 2013 година*. Во него е нотирано дека: „По добиена информација од невладина организација, Народниот правобранител отвори постапка по сопствена иницијатива за проблемот со запишување на деца од ромската заедница во основно училиште. Имено, во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Општина Битола, мнозинското население не ги запишувало децата во училиштето, односно не сакале нивните деца да посетуваат настава со децата од ромската заедница. Народниот правобранител со цел согледување на состојбите, презеде дејства и спроведе анкета со собирање податоци од сите основни училишта во оваа општина. Податоците од анкетата ги потврдија изнесените сознанија за дискриминација и сегрегација на децата припадници на ромската заедница“. За надминување на ваквата состојба, Народниот правобранител доставил препорака до Општина Битола, со конкретни насоки за преземање мерки и активности за заштита од дискриминација на учениците од ромската заедница. Прифаќајќи ја дадената препорака Општината известила дека е подготвен посебен проект за „Меѓуетничка интеграција во образованието“, со спроведување посебни тренинзи на наставниот кадар и стручните служби, но и со спроведување на работилници за доследно почитување на реонизацијата при упис на децата во основно образование.

Народниот правобранител во последниот извештај, за 2014 година, наведува дека во истата година има спроведено активност за следење на уписите на децата во прво одделение во основно образование, со цел да се утврди дали и колку се почитува одлуката за реонизација при уписите во основните училишта во Македонија, како и составот на паралелките во училиштата каде што учат деца со различна етничка припадност. Се наведува дека оваа активност имала цел да ја утврди состојбата во училиштата со мешан етнички состав, односно дали при формирањето паралелките во секое одделение се застапени ученици од различен етнички состав или пак, станува збор за етнички чисти, односно сегрегирани одделенија/ класови. Во извештајот се потенцира дека истражувањето потврдило оти одлуката за реонизација при упис на првачиња не се почитува еднакво во сите основни училишта и отсуствува поголема ажурност од надлежните органи на локалната самоуправа за превенирање и за надминување на сегрегацијата во училиштата на нивна територија. Како примери за сегрегирани училишта се наведени основните училишта: „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола, „Добре Јовановски“ во Прилеп, „Аврам Писевски“ во с. Бардовци, Скопје и „Гоце Делчев“ во Штип. Понатаму е констатирано дека поради тоа што родителите одбиваат да ги запишаат своите деца во училишта каде што има поголем број деца припадници на ромската етничка заедница се појавува состојба на сегрегација, што било потврдено во наведените училишта.

Во извештајот се наведува дека и во средните училишта, опфатени со истражувањето, била забележана појавата на формирање чисто етнички паралелки во зависнос од тоа на кој јазик се изведува наставата.

Извештаите на Народниот правобранител потврдуваат уште една форма на сегрегација на Ромите во образованието. Имено, во неколку од последните извештаи, Народниот правобранител алармира за појавата за несразмерно запишување на ученици Роми во специјалните училишта, како посебен облик на дискриминација и сегрегација. Утврдено е дека најголемиот број деца во специјалните училишта и паралелки, сепак, се од ромската етничка заедница (Народен правобранител, 2011, стр. 79), иако поголемиот дел од тие ученици – Роми немаат интелектуална попреченост. Во извештајот се вели дека на дел од децата, образованието им се отежнува или не го завршуваат докрај, пред сè, поради недостиг од добра и соодветна соработка со нивните родители, а во одделни случаи пречка за добрата соработка е ниското образовно ниво на родителите и нивната неповолна материјална состојба, како и неангажираноста на центрите за социјална работа. Воедно, откако еднаш ученикот е запишан во специјално училиште, не постои механизам тој да се врати во редовно образование. Обидите за деинституционализирање на децата со посебни образовни потреби наидуваат на отпор кај различни инстанци, вклучувајќи и значителен дел од специјалните едукатори (дефектолози).

# ФАКТОРИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Опишаните случаи на сегрегација во образованието во Македонија покажуваат колку лесно и релативно брзо може да се развие овој процес, по што многу е тешко нештата да се вратат на претходната состојба. Типичен пример е училиштето „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола, за кое, и во извештај на Народниот правобранител, е нагласено дека сегрегацијата води во опасност училиштето да исчезне. Во продолжение ќе бидат елаборирани некои фактори, состојби и процеси кои придонесуваат за поттикнување на сегрегацијата.

## ПРАШАЊЕТО НА РЕОНИЗАЦИЈАТА

Како една од најважните причини за појава на сегрегација во етнички мешани средини се издвојува непридржувањето до одредбите за *реонизација* при запишувањето на учениците. Имено, според Законот за основно образование, со актот за основање на основното училиште се утврдува бројот на учениците и на реонот, односно реоните од кои се опфаќаат учениците (член 19), а според член 46 основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон (алинеја 3). Сепак, неколку одредби овозможуваат *заобиколување на оваа норма*. Имено, според истиот член, основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина *само доколку има слободни места* за запишување! Токму *бројот на слободни места* е веројатно едно од клучните точки во легислативата кои ја овозможуваат сегрегацијата. *Бројот на слободни места* е многу релативна категорија која постојано се менува, а посебно ако се имаат предвид демографските промени. Тој број зависи од просторните и од кадровските капацитети на училиштето. Познато е дека во последните неколку децении постои тренд на намалување на учениците кои се запишуваат во основно образование во многу општини, а притоа бројот на наставници не се намалува, туку во многу училишта, напротив, се зголемува. Оттука, слободни места може да се очекува дека ќе има во многу училишта. Воедно, доколку постои интерес за запишување во одредени училишта, може да се претпостави дека не е особено тешко да се зголеми предвидениот *број на ученици* кои може да се запишат во даденото училиште, со одлуки на Управниот одбор и на локалната самоуправа. Во таква ситуација, ако се има предвид дека родителот може да го запише детето во друго основно училиште во друг реон, ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува (регулирано во член 50, алинеја 2 од истиот закон), јасно е дека се оставени широки можности да се изигра одредбата со која се предвидува сите деца да учат во најблиското училиште. Со тоа се загрозува заложбата за интегрирано и инклузивно образование и се овозможува сегрегација на учениците во различни училишта врз етничка или врз верска основа. На крајот, иако со истиот закон се предвидени големи казни за училишниот менаџмент доколку не ги опфати учениците од својот реон и доколку запише ученици од друг реон или друга општина без да има слободни места (член 172-а), јасно е дека во дадената ситуација утврдувањето на ваков прекршок станува скоро неостварливо.

Како последица од неспроведувањето на реонизацијата, се продлабочува сегрегацијата на учениците Роми во одредени училишта и повлекување на учениците нероми од училиштата каде што Ромите се во повисок процент. Овој процес понатаму води кон *гетоизација* на Ромите. Појавата е секогаш придружена со силни отпори и предрасуди спрема Ромите кои постојат кај припадниците на другите заедници. Поради тоа, Ромите потешко се запишуваат во други училишта. Истовремено, родителите Роми заради сигурноста на своите деца, преферираат да ги запишуваат во училишта каде што мнозинството се Роми, со што се затвора круг на однесување кој тешко се прекинува.

## ДОСТАПНОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРИЧИНА ЗА СЕГРЕГАЦИЈА

Една од причините кои водат кон продлабочување на сегрегацијата е достапноста на образованието. Тоа е последица од несоодветните образовни политики во поглед на обезбедувањето еднакви права на пристап и квалитетно образование.

Достапните податоци за запишување и отпишување од училиште, се однесуваат само на децата кои се во рамките на системот, но не се достапни информации за децата кои никогаш не биле вклучени во системот или кои во некој момент го напуштиле. Оваа состојба е особено актуелна за ромската популација.

Во извештајот *Роми активисти го оценуваат напредокот на Декадата на ромска инклузија* (Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, стр.98)[41] се посочува дека честа практика е училиштата да одбиваат ученици Роми, со оправдување дека запишале премногу ученици. Како резултат од оваа појава, учениците Роми најчесто се запишуваат во најмалку атрактивните училишта, во кои е помал бројот на учениците кои не се од ранливите групи.

Понатаму, иако според достапните официјални податоци се чини дека сè поголем број Роми го остваруваат правото на образование, тоа, пред сè, е резултат од исклучително ниските стапки на опфат во претходните години[42]. Притоа, *децата од номадските семејства* и *децата на улица* немаат можност да се вклучат во регуларен образовен процес. Пречката е од формална природа. Според Законот за основно образование, децата се запишуваат на училиште во местото кое е наведено како место на постојано живеалиште во личните документи на родителите (правилото на реонизација). Токму затоа, децата од номадските семејства како резултат од чести преселби и иселување од нелегалните домови, не можат да се запишат во училиштето кое им е најблиску во дадениот период. Оваа пречка резултира со гетоизација во привремени населби, без можности за нивно интегрирање во општеството. Може да се констатира дека во слична состојба се учениците Роми кои од различни причини немаат документи за идентификација, децата од центрите за социјална грижа, бегалците, како и децата и младинците повратници од азил.

Една од бариерите кои оневозможуваат многу Ромчиња да бидат вклучени во образовниот процес е резултат од конкретни недоследности во македонското законодавство. Имено, Законот за основно образование пропишува дека децата може да се запишат во основно училиште до деветгодишна возраст. Со Законот за образование на возрасните од 2008 година се утврдува дека минималната возраст за учество во образование за возрасни е петнаесет.[43] Оттука, децата кои не се запишани во прво одделение и се постари од десет години, а се помлади од петнаесет, официјално не може да се запишат во формално, редовно основно образование или во основно образование за возрасните[44]. Ваквата ситуација особено ги погодува децата Роми повратници од развиените земји. Лишеноста од можност за интеграција резултира со продлабочување на сегрегацијата.

Исто така, сите фактори што придонесуваат кон намален квалитет на образованието водат кон тоа учениците Роми потешко да бидат компетентно и ефикасно вклучени во општеството. На тој начин, сегрегацијата неминовно се продлабочува. Во овие фактори спаѓаат и: претходно опишаната голема застапеност на Ромите во специјалните училишта; ниската стапка на Ромчињата во предучилишно образование; малолетничкиот или детскиот труд; малолетничките бракови.

[41] Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, стр. 98. Оваа организација, исто така, ја потврдува појавата учениците Роми да учат во етнички сегрегирани училишта или во сегрегирани паралелки.

[42] Фонд за образование на Ромите. (2010). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите (работна верзија), Будимпешта.

[43] Закон за образование на возрасните, Службен весник на Република Македонија 7/2008.

[44] ФООМ, (2011), Анализа на образованието на Ромите во Република Македонија.

## СТАВОВИТЕ НА МНОЗИНСТВОТО

Врз основа на претходно опишаните причини се очекува дека општествениот систем и мнозинството би требало да преземат ефикасни мерки за спречување и превенција на сегрегацијата, како и мерки за интензивна и суштинска интеграција и инклузија на Ромите во општеството. Но, наместо такви мерки, дискусиите во фокус-групите покажуваат дека мнозинството развива „добронамерен заштитнички однос“ кон Ромите, со кој се поддржува сегрегацијата и се замижува пред нејзините негативни последици. Во основата на овој однос лежат стереотипните сфаќања за ограниченоста на потенцијалите и можностите на Ромите и потребата тие да бидат „заштитени“ од стереотипите. Ваквиот однос резултира со став дека за Ромите е подобро да учат во училиштата во „нивната“ средина, во кои ќе бидат заштитени. Во овие училишта се смета дека учениците Роми нема да бидат изложени на неуспеси на кои би биле во училиштата со повисоки стандарди. А откако Ромите ќе бидат сегрегирани, ќе се надоврзе ставот на мнозинството дека тие самите го прават ваквиот избор.

Ваквите ставови се одразуваат во односот кон Ромите од страна на соучениците, на родителите, на наставниците и на стручните служби, на администрацијата, како и на носителите на политиките на сите нивоа.

...

Сегрегацијата во образованието има повеќекратни последици, како за Ромите така и за општеството во целина. Сегрегираното образование е неквалитетно и не води во успешна инклузија на граѓаните во општеството, туку предизвикува продлабочена сегрегација и гетоизација. Сегрегираните училишта не даваат квалитетно образование кое е еднакво со она редовно образование што се спроведува во училишта во кои се школува мнозинството. Неретко наставата се изведува со скратено време, а компетентноста на наставниците, квалитетот на ресурсите и севкупниот наставен процес е значително понизок. Сегрегираните училишта имаат помалку обучен и компетентен кадар со почести замени на наставници[45].

Општествените фактори во последните децении се концентрирани на квантитативните показатели за вклученоста на Ромите во образованието, водени од целта што поголем број Роми да бидат запишани на училиште. Но, притоа беа занемарени квалитативните показатели за нивото на нивното образование. Имено, сегрегацијата на Ромите и неквалитетното образование доведува до исклучително лоши показатели за нивните образовни постигања.

Оваа појава е евидентирана и во документот *Анализа на Ромите во Република Македонија*, каде што се вели дека многу често учениците Роми се формално запишани на училиште, но нередовно ја посетуваат наставата. Честа појава во сегрегираните училишта и одделенија е учениците Роми и без да ги имаат постигнато потребните стандарди само да се преведуваат во погорните одделенија. Иако ова „толерирање“ вообичаено се прави „заради доброто на детето“, ваквата практика истовремено значи самоослободување на наставникот од одговорноста за постигањата на учениците. Причината е во тоа што да се постигне успех со децата кои имаат потреба од дополнителна помош во учењето бара поголем напор и дополнителна работа од наставниците, како и подобри севкупни услови во училиштето. Сепак, ваквата практика на преведување во погорните одделенија во одреден момент резултира со тоа што учениците веќе нема да можат да одговорат на редовните барања на наставата, што најчесто резултира со напуштање на училиштето. Овие бранови на отпишување од училиште, најчесто, се случуваат на преодот од одделенска во предметна настава, како и на преодот од основно во средно образование.

Сегрегацијата во образованието има долгорочни и тешки последици како врз општеството така и врз квалитетот на животот на единките. Децата, идни граѓани на државата од кои се очекува активна партиципација, се оставени сами во нивната немоќ компетентно и ефикасно да се вклучат во општествените процеси и на пазарот на трудот.

[45] Orfield et al., (2012) Deepening Double Segregation for More Students, The Civil Rights Project.

# СЛУЧАИ НА ПРЕСУДИ И РЕШЕНИЈА ПОВРЗАНИ СО СЕГРЕГАЦИЈА И ДИСКРИМИНАЦИЈА

## *Случај 1. Пресуда на Судот на правдата на ЕУ во Стразбур*

Документот „Пресуди во врска со дискриминација од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европска унија“[46] пренесува одлуки по случаи на дискриминација и сегрегација на Ромите во специјалните училишта во европските земји. Во него е нотирано дека расната сегрегација *де факто* и дискриминацијата се одразуваат на тој начин што овозможуваат создавање на два посебно организирани образовни системи за припадниците на различните расни групи, имено, специјални училишта за Ромите, и „редовни“ основни училишта за мнозинството на населението. Таквата практика, која не е заснована врз објективни критериуми е понижувачка и консеквентно ги лишува Ромите од правото на квалитетно образование. Ваквата констатација ја дели и Високиот комесар за човекови права, чиј став извонредно ги илустрира состојбите, а е пренесен во истиот документ: „Фактот што се принудуваат да се запишуваат во специјални училишта или паралелки, често, значи дека овие деца следат наставна програма која е со послаб квалитет од наставната програма за редовната настава, со што се намалуваат нивните можности за натамошно образование и за наоѓање вработување. Многу е веројатно дека запишувањето на децата Роми, по автоматизам, во паралелки за деца со специјални потреби ќе ја зајакне нивната стигматизација, со тоа што децата Роми ќе бидат карактеризирани како помалку интелигенти и понеспособни. Истовремено, сегрегираното образование им ја скратува можноста и на децата Роми и на децата кои не се Роми да се запознаат и да научат да живеат како еднакви граѓани. Со тоа децата Роми се исклучени од главните општествени текови уште на самиот почеток од нивниот живот, со што се зголемува ризикот да западнат во магичниот круг на маргинализација“.

[46] Академија за судии и Комисија за заштита од дискриминација, 2013.

## *Случај 2. Пресуда на Окружниот суд на Софија, Бугарија*

На 25 октомври 2005 година Окружниот суд на Софија, Бугарија, донесол пресуда дека Министерството за образование на Бугарија, локалната самоуправа на Софија и училиштето бр. 103 во Софија ја прекршиле забранатa за расна сегрегација и за нееднаков третман според бугарската легислатива и меѓународното право. Судот пресудил дека посочените бугарски авторитети се виновни за расна сегрегација на Роми во училиштето бр. 103. Станува збор за типично гетоизирано училиште, со 100% ученици Роми. Судот одлучил дека учениците во ова училиште биле континуирано подложувани на сегрегација и нееднаков третман, при што нивното право на еднакво и интегрирано образование било прекршено.

## *Случај 3. Решенија на Комисијата за заштита од дискриминација на РМ*

Од основањето на Комисијата до крајот на 2014 година се поднесени неколку десетици претставки кои се однесуваат на дискриминација на Ромите. Од сите нив, во (само) три е оценето дека постои основана дискриминација. Од нив, само една се однесува на сферата на образованието. Со одлука, Комисијата му наложува на Министерството за образование и наука да ја прекине употребата на текст во кој е употребен терминот „Цигани“ во учебник по македонски јазик за четврто одделение.

Останатите две одлуки на Комисијата се однесуваат на дискриминација при право на вработување и пристап до објект за забава.

Со оглед на тоа што бројни показатели укажуваат на изразена сегрегација и дискриминација на Ромите во Република Македонија, може да се заклучи дека Комисијата за заштита од дискриминација не игра значителна улога во намалувањето на јазот меѓу Ромите и неромите во државата.

# НАОДИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е спроведено со цел да се добие основен увид за сфаќањата, перцепциите и свесноста кај Ромите и нeромите во поглед на неколку прашања поврзани со сегрегацијата. Тоа е спроведено на ограничен примерок, низ реализација на фокус-групи со средношколци, студенти и родители Роми, претставници на ромски невладини организации и невладини организации кои работат во сферата на подобрување на ромските прашања, како и фокус-групи со средношколци и студенти нeроми.

## *Перцепција за квалитетот и спецификностите на образованието на Ромите*

*Испитаниците Роми* генерално сметаат дека образованието на Ромите нема задоволителен квалитет. Сметаат дека тоа е помалку квалитетно во споредба со образованието на другите заедници.

Студентите Роми квалитетот на образованието генерално го оценуваат попозитивно, но се свесни за многуте пречки и недостатоци кои ги има тоа во училиштата во кои се образуваат, претежно, ромски ученици.

Образованието кај Ромите, често, е ниско вреднувано, пред сè, бидејќи тоа директно се поврзува со можноста за вработување. Со оглед на фактот дека стапката на невработеност кај ромската популација е фрапантно висока (дури и кај оние со високо и со средно образование), разочарувањето во тој поглед е огромно. Оваа бесперспективност е посебно изразена кај Ромите родители. Во контекст на можностите за вработување, постои разочараност и поради силно изразената партизација: „Без партиска поддршка не е можно вработување (родител - Ром)“.

Во контекст на политичкиот дискурс, претставничка на ромска НВО смета дека ромските политичари ја форсираат тезата дека состојбите со образованието на Ромите се значително подобрени, што меѓународните донатори го земаат како официјален аргумент и ги поттикнува да се повлекуваат од Р Македонија. Но, со нивното повлекување, се очекува владините институции да ги преземат понатаму востановените активности во поглед на стимулирањето на образованието на Ромите, што најчесто не се случува.

Мислењето дека образованието на Ромите во Република Македонија е подобро од минатото преовладува кај испитаниците Роми, но, важно е да се истакне дека притоа не се зема предвид тоа што споредбите се прават со состојби од пред неколку децении кога квалитетот бил на најниско можно ниво. При ваквите процени се прави методолошка грешка и не се зема предвид севкупниот развој на општеството, развојот на условите за образование, развојот на образованието на другите етнички заедници. Кога ќе се споредат показателите за образованието на Ромите со оние на другите етнички заедници, лесно ќе се уочи дека јазот меѓу Ромите и нeромите не е намален.

Според испитаниците - *претставници на НВО,* образованието е потешко достапно за Ромите во споредба со другите заедници. Според нив, образованието во училиштата со претежно ромски ученици е помалку квалитетно, со помалку квалитетни ресурси, наставата е редуцирана, се толерираат многу повеќе отсуства од наставата: „Часовите им се скратени, дури почнале со настава, во 10:30 или најдоцна во 11 часот, завршиле со настава..., а велат имале шест часа. Како е можно тоа? Образованието во Шуто Оризари е лошо бидејќи условите се лоши. Нас-

тавниците овде се како испратени „во казнена експедиција (претставничка на НВО)“. Претставник на НВО, Ром, кој го стекнал образованието во град во Источна Македонија, а сега работи во сферата на образованието на Ромите во Скопје, смета дека постојат големи разлики во квалитетот меѓу квалитетот на образованието во „Браќа Рамиз и Хамид“ и другите училишта.

Според НВО претставниците, исклучително силен фактор кој придонесува кон тоа квалитетот на образованието на Ромите да биде низок се стереотипните ниски очекувања на наставниот кадар во поглед на ромските деца.

Претставниците на НВО сметаат дека, генерално, академските постигања на учениците Роми се пониски во споредба со оние од другите училишта: „Без разлика колку научиле, наставниците им попуштаат и на крајот на годината сите го поминуваат одделението. Потоа во средно (образование) не можат да постигнат и да се приспособат кон барањата на наставата (претставничка на НВО)“.

Општ е заклучокот дека како резултат од нискиот квалитет на образованието, учениците Роми потешко се адаптираат кон повисоките нивоа на образование. За многумина тоа е обесхрабрувачки период и резултира со нивно откажување од натамошно образование. Овие млади кои не се интегрирале во општеството, се враќаат во сегрегираните средини, со што се засилува подвоеноста. Според една преставничка на НВО, фактот што резултатите не се значително подобри и по две-три децении вклученост на меѓународните организации, покажува дека стратешките цели и мерки во државата во поглед на унапредувањето на образованието на Ромите не биле правилно проектирани. Таа заклучува дека најголем дел од она што се работело не станало дел од системот, со што е оневозможена одржливоста на активностите и на мерките.

И *испитаниците нероми* сметаат  дека квалитетот на образованието на Ромите е многу низок. Но, средношколците нероми причините за таквата состојба во значителна мера ја лоцираат во самите Роми, што може да се види од изјавата на една ученичка, учесничка во дискусијата: „Образованието е на ниско ниво, но за тоа се виновни самите Роми, бидејќи тие самите не одат редовно на училиште“. Според друга ученичка: „Врз квалитетот на образованието влијае нивната општа состојба, финансиската состојба на семејството..., а и образовниот систем не е многу заинтересиран за квалитетно образование на Ромите. Еве, да ве прашам, кој би сакал да оди да работи во Шуто Оризари?“

И кај студентите нероми преовладува мислењето дека ниското ниво на образованието на Ромите во голема мера е резултат од недоволната поддршка во семејството, односно на „домашното воспитување“:  „Сето тоа е резултат од домашното воспитување, нивните родители треба да им помогнат и да ги стимулираат децата да одат на училиште (студентка)“. Притоа, испитаниците го занемаруваат фактот дека огромен дел од ромското возрасно население се необразовани и крајно сиромашни и дека тие не се во можност да им дадат адекватна поддршка на своите деца во образованието. Свесноста кај испитаниците за улогата на општеството е на ниско ниво: „Мислам дека како општество доволно правиме за образованието на Ромите, но на крајот сè зависи од нив самите и се сведува на нивните лични амбиции и работа во семејството. Доколку тие сакаат да учат, има доволно услови (студент)“. „Мислам дека ептен се одвојуваат. И кога сака некој однадвор да им помогне, тие пак се дистанцираат (студентка)“.

Студентите нероми сметаат дека очекувањата од Ромите во поглед на нивните академски постигања се ниски, сметаат дека Ромите се помалку мотивирани, што резултира со фактичката состојба. Но, некои од студентите дел од причините ги гледаат во вообичаениот „животен стил“ на Ромите, кој, според нив, не е поврзан со академско постигнување и учење, и дека тие не се гледаат себеси во иднината во сфери кои се поврзани со повисоки нивоа на образование и академски постигнувања. Воедно, се смета дека традиционалниот начин на живеење на Ромите е поврзан со питачење, преселби и собирање суровини од отпад, и дека за Ромите, тоа е она што е „нормално, природно“. Според ваквиот дискурс, тој „традиционален начин на живеење“ во голема мера  го одбираат самите Роми кои  не се заинтересирани да го променат.

Студентите нероми во овој контекст нагласуваат уште една општествено условена појава: сметаат дека како резултат од тоа што основното и средното образование се одвива на јазиците на заедниците, образованието се затвора во етнички граници, што влијае и врз менувањето на критериумите. Според студентите, наставниците не се доволно запознати и немаат разбирање за специфичностите на ромската култура и нивната положба во општеството, поради што ги запоставуваат во наставата.

### *Ставови во поглед на прашањето дали за Ромите е подобро да учат во мешани училишта и одделенија или во немешани*

Кај дел од Ромите родители постои сфаќањето дека учењето во мешани средини овозможува подобра интеграција, дека контактите со ученици од други заедници влијаат поттикнувачки, дека квалитетот на образованието во училиштата каде што мнозинството се Роми е понизок и дека поради тоа учениците имаат тешкотии во приспособувањето кога ќе се запишат во друго училиште.

Но и покрај присутноста на таквото сфаќање, кај родителите од Шуто Оризари е широко распространето мислењето дека Ромите немаат услови нивните деца да учат во мешани средини, односно во училишта надвор од населбата. Според родителите, причините се безбедносни и финансиски. Многу родители, а претежно мајките, се загрижени за безбедноста на своите деца во мешаните средини. Укажуваат дека во мешани средини нивните деца се жртви на вербални и физички напади, и жртви на предрасудите и стереотипите. Ова е битен фактор кај средношколците Роми, кај кои ваквите искуства се свежи. И средношколците и студентите Роми потврдуваат дека скоро сите, без исклучок, имале негативни искуства како резултат на предрасудите од страна на другите ученици, поради што, често, трпеле лични напади. Ваквите напади може да имаат демотивирачко влијание врз многу деца со вулнерабилен темперамент, што би ги обесхрабрило да го продолжат образованието. Сегрегацијата и гетоизацијата довеле до тоа тие да се чувствуваат непријатно и небезбедно во мешани средини. Ваквото мислење за одвоено учење на Ромите го делат и многумина од испитаниците нероми. Имено, на прашањето за хипотетичка ситуација кога Ромите би можеле да ги имаат и двете искуства на учење и во мешани и во немешани училишта кое школо би го избрале? – нивниот претпоставен одговор е дека Ромите би избрале да учат во немешани училишта, затоа што ќе се чувствуваат побезбедно и покомфорно.

Кога е финансискиот аспект во прашање, многу често се истакнува дека посетувањето училиште во својата населба има позитивна страна бидејќи семејствата нема да бидат изложени на дополнителни материјални давачки. Ова образложение нема реална основа бидејќи средното образование е бесплатно без оглед каде е, а од друга страна, трошоците за транспорт, исто така, се покриени. Оттука, може да се заклучи дека ова образложение е самоодржувачка рационализација во процесот на самосегрегација, веројатно, поддржана и од некои ромски претставници во нивните политизирани заложби за отворање „свои училишта на своето“.

Ромите студенти сметаат дека е подобро да се учи во мешани средини. Тоа е така, генерално, од две причини. Прво, поради нивните негативни искуства од нисkоквалитетното сегрегирано основно образование, а второ, поради позитивните искуства од интеграцијата со другите етнички заедници, јакнењето на психолошките капацитети и учењето на македонскиот јазик како шанса за интеграција во општеството.

Кај претставниците на НВО недвосмислени се ставовите дека за ромската популација, подобро е децата да учат во мешани училишта и одделенија.

Средношколците нероми имаа поделени мислења во однос на ова прашање. Нивните аргументите во полза на мешаните училиште гравитираат околу веќе елаборираниот став: дека интеграцијата ќе им овозможи на Ромите подобри услови за образование.

Аргументите за одвоените училишта и кај нив се движат во насока на заштита од дискриминацијата: „Во ова општество би било подобро да бидат одвоени, бидејќи би

биле жртви на предрасуди, додека не се создадат услови за нивна интеграција“ (средношколка не-Ромка). Друга средношколка вели: „Јас сум учела во училиште со Роми, но тие самите одбираат да седат во последна клупа. Ако се одвоени, тие ќе имаат повеќе шанси, за разлика од оние во мешаните училишта каде што немаат шанса, бидејќи не почнуваат на исто ниво како нас“. Ученик кој учи во приватно етнички мешано средно училиште смета дека „тој концепт на мешани училишта“ не функционира и смета дека токму кога учениците од различни заедници се заедно - предрасудите доаѓаат до израз. Тој понатаму вели дека квалитетот на наставата во неговото училиште е понизок затоа што наставниците ги снижуваат критериумите за учениците од другата етничка заедница, па барањата за него стануваат многу ниски. Може да се забележи дека не постои свесност дека за подобрување на состојбите е нужно да се дејствува веднаш, па друга средношколка ќе изјави: „За предрасудите сме одговорни ние. Ние мораме да ја зголемиме толеранцијата, државата треба да работи на намалување на предрасудите, а дотогаш, е подобро Ромите да учат во одвоени училишта“.

Кај студентите нероми преовладува мислењето дека за Ромите подобро е да учат во мешани средини, но е неопходно прво да го научат јазикот. Кај нив постои и свесност дека за стереотипите кон Ромите влијае и примарното воспитување кај нeромите, со укажување дека најчесто, децата од мали се учат да не се дружат со Ромите (и со другите различни етнички заедници).

Како резиме, иако мнозинството учесници во сите дискусии се свесни дека учењето во мешани одделенија и училишта овозможува подобра интеграција на учениците Роми, значителен дел од соговорниците сметаат дека за Ромите е подобро да учат во немешани, одвоени одделенија и училишта, со објаснување дека тоа би било подобро за нивната безбедност, би биле заштитени од дискриминирање и би имале попријатна атмосфера за учење. Тоа укажува дека и кај ромската и кај нeромската популација се застапуваат ставови кои ја зацврстуваат сегрегацијата и самосегрегацијата.

## *Информираност и сфаќања за сегрегацијата во образованието*

Генерално, нивото на информираност за сегрегацијата е ниско. Најголемиот дел од испитаниците се свесни дека постои подвоеност, но таа се доживува како „природна“ состојба. Како резултат од популистичките политики, неретко ваквата состојба се доживува дури и како изборување да се биде „свој на своето“. Некои студенти ги рационализираат ваквите состојби и изјавуваат дека „нема ништо лошо што на факултет Ромите се дружат со Роми, бидејќи тоа е резултат и на посебноста на нивната култура, која се негува на тој начин“. За многумина, етничкото хомогенизирање буди позитивни емоции. Притоа, водејќи се од правото да се учи на свој јазик во општини каде што заедницата сочинува повеќе од 20%, сè посилни се и барањата наставата да биде на ромски јазик (откако процесот на кодификација и стандардизација на ромскиот јазик ќе биде завршен). Низ ваквиот дискурс, подвоеноста на Ромите по етничка/ расна основа и не се согледува како посебен проблем кој натаму генерира подлабоки проблеми.

Средношколците нероми ја забележуваат подвоеноста, но само на ниво на перцепција. Тие забележуваат дека различни заедници учат на свој јазик во одвоени училишта и одделенија, но тоа го интерпретираат како појава која, претежно, е резултат од традицијата, на практики кои датираат од минатото и како нешто што е „природно“ или нормално за самите заедници. Сегрегацијата не се восприма на подлабоко ниво како комплексна општествена појава и не постои подлабока свесност за причините за сегрегацијата и за многубројните штетни последици. И кај нив е присутно убедувањето дека, покрај негативните последици од подвоеноста, сегрегацијата има и позитивни ефекти: „На тој начин, Ромите се повеќе во контакт со својата заедница, го развиваат чувството на припадност кон неа и ја чуваат и ја пропагираат својата култура во рамките на својата заедница“.

Свесноста за штетните последици од сегрегацијата е на нешто повисоко ниво кај студентите нероми кои сметат дека во државата постои сегрегација по етничка и економска основа.

На крајот од овој дел на дискусијата, испитаниците беа прашани дали според нив постои свесност за сегрегацијата пошироко во општеството. Кај испитаниците преовладува мислењето дека свесност не постои ниту кај ромската популација, ниту во пошироката јавност, ниту во образовните структури од највисоко ниво до ниво на училиште. Како што ќе изјави еден родител Ром: „Оние малку што се свесни и што имаат можност, ги запишуваат своите деца во училишта во други населби“.

Овие односи во општеството како да се длабоко вкоренети, за што впечатлива илустрација дава средношколка не-Ромка: „Како да е вкоренето тоа ти на своето дете да му кажеш ’не се дружи со Цигани‘, иако длабоко во себе можеби сме свесни дека тоа е лошо. Но, така нè научиле. Никогаш не обрнуваме внимание на тоа како ќе влијае таквиот однос врз тоа мало Ромче. Некој дури и да е свесен дека тоа не е во ред, ќе си каже „Зошто јас да менувам нешто, а не некој друг“.

Со оглед на тоа што свесноста за сегрегацијата, воопшто, е на ниско ниво, не постои свесност како сегрегацијата може да влијае врз квалитетот на образованието на Ромите.

Во текот на дискусиите, посебно беше обработено прашањето дали испитаниците ја сфаќаат *сегрегацијата како форма на дискриминација*. Кај сите испитаници Роми и нероми, освен претставниците на НВО, не постои свесност дека сегрегацијата е дискриминација. Испитаниците не ја гледаат сегрегацијата како состојба во која не се обезбедуваат еднакви услови и пристап до образованието.

### *Ставови за отворањето средно училиште во населбата Шуто Оризари*

Мнозинството од испитаниците Роми сметаат дека отворањето на ова училиште е позитивен чин, затоа што „општината треба да има свое средно училиште“. Притоа, постои свесност дека во него ќе бидат запишувани претежно ромски ученици, со сомнежи дека квалитетот ќе биде на пониско ниво.

Според испитаници, претставници од НВО-а, веќе се преземаат активности со кои учениците Роми од другите средни училишта во Скопје ќе бидат трансферирани во ова училиште, што според нив би имало катастрофални последици. Тие искажуваат сериозна загриженост од оваа опасност.

Испитаниците нероми, генерално, ја оправдуваат оваа активност, со образложение дека кога веќе во сите општини има средни училишта зошто да нема и во Шуто Оризари. На тој начин, на учениците од населбата училиштето ќе им биде поблиску.

На прашањето дали отворањето на ова училиште ќе биде уште еден фактор за сегрегација, преовладува рационализирачка аргументација дека Ромите, сепак, ќе имаат право на избор да се запишат и во други училишта, додека во училиштето во Шуто Оризари ќе може да се запишуваат и ученици од другите заедници. Како да се превидува реалноста дека во ова училиште, според сите индикатори, ќе учат претежно Роми, и дека е мала веројатноста да се запишуваат нероми.

За студентите нероми е видливо дека отворањето на ова училиште ќе биде форма на сегрегација. Сепак, преовладува протекционистичкиот став дека отворањето на училиштето ќе дејствува поттикнувачки за нив и во него ќе бидат позаштитени.

Генерално, на случајот со отворањето на средното училиште во Шуто Оризари се гледа како на пример за „позитивна сегрегација“. Во јавноста преовладува убедувањето дека во ова училиште ќе може да се запишуваат ученици

од сите етнички заедници, со што процесот не мора нужно да води во сегрегација, без притоа подлабоко да се преиспита веројатноста за таквиот развој на настаните. Кога испитаниците беа подиректно прашувани, дали сметаат дека по пет години од отворањето во ова училиште ќе учат ученици од различни етнички заедници и од различни делови од градот, одговорот на сите испитаници е – не! Индикативни се одговорите на испитаниците Роми и нероми на едно прашање за хипотетичка ситуација: во неа, ученици Роми би имале можност да учат и во средното училиште во Шуто Оризари и во училиште во мешана средина во друг дел од градот, по што би имале можност да избираат каде повторно би учеле од почеток. Додека мнозинството испитаници Роми велат дека учениците Роми би избрале да учат во мешано училиште, мнозинството од испитаниците нероми сметаат дека учениците Роми би избрале да учат во училиштето во Шуто Оризари, со образложение од претходно опишаните заштитнички позиции. Одговорите на извесен начин се парадоксални. Тие даваат јасна илустрација за погрешноста на протекционистичкиот став со што се потценува подготвеноста и потенцијалот на Ромите за интеграција.

На крајот од презентацијата на резултатите од емпириското истражување, може да се резимираат неколку поенти што ги наведуваме во продолжение.

Испитаниците Роми сметаат дека образованието генерално е подобрено. Заради поголема безбедност и заштита на учениците од предрасуди и насилство, широко е застапено мислењето дека за нив е подобро да учат во одвоени училишта. Сегрегацијата е присутна на ниво на перцепција, но свесноста за нејзините долгорочни штетни последици е многу ниска. Затоа не изненадува податокот дека отворањето на средното училиште во Шуто Оризари вообичаено се доживува позитивно, како придобивка за заедницата и можност Ромите да имаат свое училиште во својата општина.

Испитаниците нероми сметаат дека Ромите имаат „традиционален начин на живеење“ кој е затворен во границите на сопствената заедница, често е поврзан со селење, питачење и собирање суровини, како и дека образовните чинители, но и самите Роми, немаат високи очекувања од учениците Роми. Значителен дел испитаници не-Роми сметаат дека Ромите, често, се жртви на предрасуди, дискриминација и насилство на училиште, поради што заземаат „заштитнички“ став дека за Ромите е подобро да учат во одвоени училишта или одделенија, каде што би биле заштитени од предрасудите и нападите.

Заклучок кој може да се изведе од сите испитаници е дека државата не спроведува системски мерки за спречување и превенција на сегрегацијата, туку напротив, одредени мерки кои се спроведувани и од централно ниво и од страна на ромските лидери се повеќе во функција на дневнополитички цели, отколку на долгорочни ефекти во насока на подобрување на состојбите на Ромите.

Ова истражување покажува дека една од причините зошто сегрегацијата не се спречува и не се превенира лежи во цврсто врежаните ставови на пошироката јавност во поглед на ромската популација, според кои, капацитетите и потенцијалите на Ромите се ограничени, а нивната улога во општеството може да биде само маргинална.

Често се присутни мислењата дека состојбите во поглед на општествената и на образовната инклузија и интеграција на Ромите се многу подобри од порано. Тие заклучоци се изведуваат врз основа на споредба со состојбите пред многу години, како и во споредба со негативните примери во извештаите на меѓународните организации од некои други земји. Притоа, се прави методолошка грешка и се занемарува фактот дека стандардите за споредба се комплексни. Имено, стандард за споредба треба да биде намалувањето на јазот меѓу Ромите и нером ите. Во поглед на овој стандард, може да се каже дека овој јаз не е значително намален, а напротив, можеби е и продлабочен во услови на сериозно раслојување во државата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Наодите од канцеларискиото истражување на извештаите од релевантните меѓународни организации и домашните организации, како и наодите од емпириското истражување укажуваат на тоа дека постои сегрегација на Ромите во Република Македонија, како во образованието така и во другите општествени сфери. Признавањето дека сегрегацијата во образованието е проблем што постои, е првиот неопходен чекор за да се бараат ефикасни решенија за него.

- Сегрегацијата на Ромите во образованието се должи на повеќе фактори. Таа делумно е наследство на дискриминирачки процеси од минатото. Но, таа е резултат и на актуелни несоодветни образовни политики и практики за Ромите. Овие процеси создаваат цврста спрега на општествено ниво, засилени со процеси на самосегрегација, ресегрегација и скриена сегрегација на Ромите, со што сегрегацијата добива форма и состојба која станува иреверзибилна.

- Сегрегацијата во легислативата на Република Македонија не се третира како форма на дискриминација и не е казнива. Сегрегацијата на Ромите во образованието се должи и на несоодветна регулатива која дозволува непочитување на нормата за реонизација и не обезбедува целосен опфат на сите Роми во образованието. Образовната легислатива во државата и владините мерки не ја третираат сегрегацијата на Ромите од неромите. Ефектите од владините мерки за развој на систем на интегрирано образование се генерално незадоволителни. Како резултат од ова, институциите што се надлежни за спречување на сегрегацијата немаат значајна улога во намалувањето на јазот меѓу Ромите и неромите.

- Стратешките документи фокусирани на Ромите не се суштински хармонизирани со другите стратешките документи на државата што се креирани за сфери кои директно ги тангираат Ромите. Ефектите ќе бидат мали и неутрализирани од интензивни процеси на сегрегација во различни општини во државата. Сегрегацијата во образованието, секогаш, е тесно поврзана со сиромаштијата и со несоодветните образовни политики. Затоа се потребни активни мерки кои би ги таргетирале последиците од сегрегацијата.

- Сегрегацијата создава училишта кои се нееднакви. Нееднаквоста меѓу нив во однос на условите што ги даваат за квалитетно инклузивно образование е далеку над нееднаквоста  меѓу училиштата во поглед на нивните буџети.

- Емпириското истражување покажува ниско ниво на свесност за сегрегацијата и за нејзините последици. Граѓаните со повисоко ниво на образование се навикнати на поимот сегрегација, но не ја сфаќаат тежината и не ги согледуваат последиците што таа ги носи за Ромите и за општеството во целина, континуирано и на долг рок.

- Ромите често се жртви на дискриминација и на предрасуди. Поради тоа, тие не се чувствуваат безбедно во мешани средини и се склони кон самосегрегација.

- На отворањето на средното училиште во Шуто Оризари повеќето испитаници гледаат како на конструктивен пример за „позитивна сегрегација“. Во јавноста преовладува убедувањето дека во ова училиште ќе може да се запишуваат ученици од сите етнички заедници, со што тоа нужно нема да води во сегрегација, а без притоа подлабоко да се преиспита веројатноста за таквиот развој на настаните. Од друга страна, постојат индиции дека се во тек активностите во насока на трансферирање на Ромите средношколци од другите средни училишта во градот, во средното училиште во Шуто Оризари.

- Кај претставниците на мнозинството во општеството, преовладува „заштитнички“ однос кон Ромите што произлегува од нивната наводна подложност на дискриминација и предрасуди. Ваквите ставови водат кон оправдување на сегрегацијата во границите на заедницата. Притоа, се потценува подготвеноста и потенцијалот на Ромите за интеграција.

# ПРЕПОРАКИ

- Согласно со меѓународното право и директивите на ЕУ, неопходни се измени во легислативата кои ќе се однесуваат на сегрегацијата што треба да се третира како форма на дискриминација.

- Потребни се политики и легислатива кои ефикасно ќе бидат насочени кон десегрегација во образованието и мерки со кои ќе се превенираат форми на скриена сегрегација и сегрегацијата во креирањето на политиките. Законските измени треба директно да делегираат обврски на авторитетите на централно и на локално ниво, како и на ниво на училиште. Мерките треба да обезбедат еднаков пристап и квалитет на образованието за Ромите со нивото на квалитетот на образованието на мнозинството.

- Нужно е да се креира стратегија со која етничката композиција на реонот или на општината ќе биде соодветно одразена во составот на одделенијата во училиштата.

- За успешна десегрегација е потребно мерките во сите општествени сфери, а пред сѐ, во образованието, домувањето, социјалната и здравствената заштита, да бидат хармонизирани и да бидат дел од државните стратешки документи и легислативата.

- Ургентни се активни политики за безбедност на ромските деца во училиштата и заштита од дискриминација и агресија. Мерките треба да вклучат превенција и спречување на насилство во и надвор од училиштето. Одговорноста за безбедноста мора да ја преземат сите чинители на образовниот процес, од централната власт до кадарот во училиштето и родителите.

- Нужни се темелни истражувања за иницијалната состојба во врска со сегрегацијата на Ромите во образованието и за причините и последиците од сегрегацијата.

- Потребни се активни мерки за едукација и кампања меѓу родителите Роми за важноста на образованието, како и кампања за негативните последици од сегрегацијата.

- Во однос на средното училиште во Шуто Оризари, ургентни се сите можни мерки со кои ќе се обезбеди исклучително висок квалитет во наставата. На тој начин, училиштето ќе има шанси да привлече ученици од други заедници и да превенира веројатна исклучително длабока образовна сегрегација на Ромите во Скопје. Во таа насока, нужно мора да се превенира трансферирање на Роми средношколци од други средни училишта во средното училиште во Шуто Оризари.



FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА